# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 септември 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам да почнеме со работа.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Елеонора Петрова Митевска, Љубисав Иванов - Ѕинго, Али Ахмети и Теута Арифи ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господинот Борис Трајковски; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Советот за радиодифузија.

Записниците од 24-та, 29-та, 32-та и 33-та седница Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од 24, 29, 32 и 33-та се усвоени без забелешки.

Констатирам дека со поставувањето на д-р Ѓорѓи Спасов за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска му престанува функцијата пратеник на Собранието на Република Македонија.

Бидејќи пратеникот Ѓорѓи Спасов е избран од листата на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатот од оваа листа на кој треба да му се верифиција мандатот за пратеник согласно член 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата согласно член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага на седницата да се разгледаат предлогот за избор на членови на Републичкиот судски совет, предлог за именувања на членови на Советот на Народната банка на Република Македонија од редот на вице гувернерите и предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија.

Предлагам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ги образложи сите три предлози, може наеднаш, а гласањето ќе го извршиме поединечно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Што се однесува до Републичкиот судски совет со измените и дополнувањата на Законот за Републички судски совет поставени се одредени временски граници во кој период треба да се избере Републичкиот судски совет, новиот состав. Денеска е прва седница после годишните одмори на Парламентот, ние имавме седница претходниот ден и го утврдивме предлогот што треба да го утврди Парламентот и ги предлагаме како точка на дневен ред по итна постапка за да се запази законски утврдениот рок.

Што се однесува до Советот за Народна банка, тоа е важна институција и ние како Парламент треба од тројцата вице гувернери да предложиме кои двајца ќе бидат во Советот на Народна банка. За да се комплетира таа институција предлагаме и таа точка да биде под итно.

Што се однесува за Советот за статистика мандатот му е истечен уште во февруари, но реалната можност за да се изберат новите членови се појави откако стариот состав поднесе извештај. Пред годишните одмори ние имавме таква седница, се прифати извештајот и ова е прва седница на кој што можеме да избереме нов совет. Тоа е потребата од итност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Комисијата, предлогот за избори на членови на Републичкиот судски совет да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, од кои 54 за, 6 воздржани и 10 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, предлогот за именување на членови на Советот на Народната банка на Република Македонија од редот на вице гувернерите да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, од кои 53 за, 5 воздржани и 2 против.

Во салата се присутни 74 пратеници.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, од кои 60 за, 5 воздржани и 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седнаца го предлагам следниот дневен ред.

1. Утврдување на Нацртот на Амандманот ЏИЏ на Уставот на Република Македонија;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност;

3. Предлог на закон за судскиот буџет;

4. Предлог на закон за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија;

5. Предлог на закон за Народниот правобранител;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕФТА државите, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за трговија;

8. Предлог за донесување на закон за угостителска дејност;

9. Предлог за донесување на закон за туристичка дејност;

10. Предлог за донесување на закон за заштита на потрошувачите;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик;

12. Предлог за донесување на закон за Агенција за странски инвестиции на Република Македонија;

13. Предлог за донесување на закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;

14. Предлог за донесување на закон за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување;

15. Предлог за донесување на закон за евиденција во областа на трудот;

16. Предлог за донесување на закон за водостопанства;

17. Предлог за донесување на закон за финансирање на политичките партии;

18. Извештај за работата на Советот за радиодифузија за периодот од 1 јули 2001 година до 31 декември 2002 година.

19. Предлог на избор на членови за Републички судски совет;

20. Предлог за именување на членови на Советот на Народната банка на Република Македонија од редот на вице гувернерите;

21. Предлог на одлука за разрешување и именување на членови на Одборот на Статистика на Република Македонија.

Дали има предлози за изменување и дополнување на дневниот ред.

За збор се јави госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара од денешната седница да се симне од дневен ред точката избор на членови на Републичкиот судски совет.

Ова го барам од две основни причини и доколку ми дозволите накратко би ги образложила.

Прво, новиот Уставен суд одлучувајќи по иницијативата за оценка на уставноста и законитоста на Законот за измени и дополнувања на Законот за Републички судски совет одлучи дека овие измени биле во согласност со Уставот на Република Македонија, а токму овој состав на Уставниот суд беше избран со исклучително партиски луѓе кои досега повеќе пати се покажаа и ја докажаа својата партиска послушност, како и со многу турбуленции при самиот предлог на членови, вклучувајќи ја и оставката на господинот Миодраг Мицајков.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се сомнева во легитимноста на составот на овој Уставен суд да одлучува по иницијативата за оценка на уставноста на Законот за измени и дополнувања на Законот за Републички судски совет, кое

нешто е во непосредба врска со изборот на членови на Републички судски совет, што е денеска на дневен ред.

Втората причина произлегува од соопштението на средствата за јавно информирање што го има доставено Врховниот суд на Република Македонија на својата проширена општа седница одржана на 4 септември 2003 година. Ова ќе го презентирам само за да потсетам која е надлежноста на Републичкиот судски совет во правниот поредок во Република Македонија.

Имено, во соопштението се вели дека судиите на Врховниот суд ја изразуваат својата длабока загриженост од веќе се поизразената оркестрирана, најширока јавна кампања, медиумска и политичка со напади од најразличен вид, дури и со јавни нудења на концепт за решавање на актуелни судечки предмети, што сето тоа заедно генерално означува фронтално и во конкретни предмети напаѓање и притисок врз судската власт во Република Македонија.

Судиите на Врховниот суд на Република Македонија се прашуваат кому тоа му треба за да ја извалка, девалвира, демонтира и разнебитува, па дури и да ја бомбардира со бомби судската власт. За чии цели и интереси тоа се чини и дали им е јасно на сите тие напаѓачи на судството дека со тоа ги ништат и потресуваат темелите на правната држава во Република Македонија.

Врховниот суд на Република Македонија со дирекно писмено обраќање до Собранието на Република Македонија им укажа на пратениците да ги остават на мира активните судии, да не ги вовлекуваат во изборните комисии и во политичката арена. Многу наши судии изгубија драгоцено време оставајќи ја својата судска работа, членувајќи со месеци во изборни комисии, имајќи во предвид дека скоро секоја година имаме избори, притоа добивајќи партиски етикети и благослов на една или на друга партија, па во зависност од постигнатите изборни резултати некои од нив беа дури и мошне добро наградени.

Актуелната оркестрирана севкупна кампања против судството оценуваме дека е со намера да завладее застрашување и притисок врз судиите особено во т.н. живи предмети кои се во постапка на решавање во основните судови.

На крај, Врховниот суд на Република Македонија искажува мислење дека новиот персонален состав на Републичкиот судски совет во престојниот избор треба да се оствари со личности кои поседуваат високо правно образование, со богато искуство во делот на судската власт. Потребно е тие да бидат личности со

интегритет и способни да ја вршат функцијата која пред се значи обезбедување на независност на судството.

Од тие причини пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара точката за избор на членови на Републичкиот судски совет да биде симната од денешната седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот точката 19 да се симне од дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, од кои 20 гласале за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Јас како претседател на Собранието предлагам на предлагачите на точка 17 - Предлог за донесување на закон за финансирање на политички партии да ја повлечат од дневен ред заради немање на мислење од Владата, а се работи за ангажман на буџетски средства.

Молам некој од предлагачите да се изјасни по предлогот.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе,

Со оглед дека оваа точка е при крај од дневниот ред значи може во четврток или во петок да биде, а бидејќи другиот предлагач не е тука, не сме се консултирале до крај, да оцениме дали ќе дојде мислење од Влада во текот на денешниот ден, бидејќи Владата ќе расправа денеска, доколку дојде, тогаш да остане, а ако не ќе предложиме во текот на расправата да се одложи за наредната седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам дали има други предлози за изменување и дополнување на дневниот ред? (Нема).

Бидејќи нема други предлози предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, 66 за, 9 воздржани и 10 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точка еден - Утврдување на Нацртот на Амандманот ЏИЏ на Уставот на Република Македонија.

Владата на Република Македонија во смисла на член 131 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 203 од Деловникот на Собранието на Република Македонија , поднесе текст на Нацртот на Амандманот ЏИЏ на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацртот на амандманот ви е доставен.

Извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно член 131 став 2 од Уставот на Република Македонија Нацртот за измена на Уставот на Република Македонија го утврдува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и го става на јавна дискусија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на Амандманот ЏИЏ на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Има збор г. Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер за внатрешни работи.

На самиот почеток би сакал да потенцирам дека борбата против се повеќе растечкиот организиран криминал и тероризам, како и сложената безбедносна ситуација ја наметнува потребата од измена на Уставот на Република Македонија и воведување на посебни односно специјални истражни мерки. За ова треба да бидеме почитувани колеги пратеници свесни. Токму водејќи се од овие причини пратеничката група на ЛДП свесна за државните интереси ја поддржува измената на Уставот и воведување на овие мерки.

Сите демократски држави, држави со долга парламентарна традициија дозволуваат примена на овие мерки, се разбира во строго определени случаеви и во прецизна процедура.

На претходната парламентарна сесија, кога ја искажавме потребата од пристапување кон измена на Уставот, всушност ја поминавме првата од трите неопходни фази за донесување на уставните промени. Тогаш некои дискутанти укажуваа дека повеќе се зборуваше за законот со кој што треба да се операционализира Уставот, отколку за измените на Уставот. Но, според мене, тоа е сосема нормално и логично, бидејќи борбата против организираниот криминал и тероризмот, а кои покажуваат растечки тенденции и кај нас во регионот па и во

светот не смее да ги наруши личните слободи и права на граѓаните и нивната приватност и, согласно своите програмски начела ЛДП и пратеничката група на ЛДП и покрај залагањата за заштита на државните интереси се залага и ќе се залага за заштита на личните права и слободи на граѓаните кои се едни од основните компоненти на либералната демократија, а се плебисцитарно прифатени во светот и во современата демократија.

Либерално демократската партија секогаш ќе реагира при евентуалните злоупотреби во примена на овие мерки, како и во спречување на ваквите злоупотреби. Затоа сметаме дека веднаш по усвојувањето на уставните измени мора да се донесе закон што прецизно и таксативно ќе ги наброи случаевите на примена на ваквите мерки. Судските налози, начинот на издавање на судските налози, процедурата, времетраењето, перманентната контрола на примена на овие мерки, при што оваа контрола треба да биде од едно независно државно тело, но и од Парламентот. Затоа што не смееме да заборавиме дека парламентарната демократија предвидува и парламентарна контрола. А, посебно на примената на ваквите мерки.

Мора да ја елиминираме можноста за директна примена на Уставот и евентуално создавање на некојси вакум. Ова, особено бидејќи имаме во минатото негативни искуства на злоупотреба, односно на нелегална примена на овие мерки, кога беа прислушкувани политичките противници, новинарите, другите јавни работници и слично.

На крајот, сите се запрашуваме и не само ние, туку и јавноста, граѓаните, дали е можна паралела и паралелизам и взаемност на безбедноста и демократијата? Се разбира дека може, но ако се применуваат разработени демократски принципи и прецизна демократска процедура.

Затоа ние, пратеници од ЛДП ќе гласаме за Нацртот на амандманот за Уставот свесни за неопходноста од неговото усвојување што извира од државните интереси и ги повикуваме и останатите колеги од другите пратенички групи да го поддржат донесување на Нацртот на амандманот. Но, повторно нагласуваме дека секогаш доследно ќе се бориме за било каква злоупотреба на овие мерки.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

По однос на Нацрт - тексто на Амандманот ЏИЏ на Уставот на Република Македонија што се однесува на измени на членот 17 од Уставот, сметам дека потребата е утврдена, но ваков каков што е текстот на ставот 2 сметам дека е многу неискажан, многу слободен, многу широк, што дава можности за било кога во било кое време, покрај тоа што за извршување на истиот се бара донесување на закон и ќе се донесе таков закон, со таквиот закон секогаш истиот ќе може да биде изменет или менуван по укажани потреби или интереси на одредени политички партии во различни времиња.

Имајќи во предвид дека измените на Уставот, на членот 17 со овој амандман се интервенира во слободите и правата на граѓаните и човекот и се прави исклучок, сепак треба тоа да биде прилижно дефинирано во Уставот, во измените и тоа:

Сметам дека предложениот амандман во 4-ти ред, каде што стои “или откривање на кривични дела”, тоа “на кривични дела”, треба да стои “на потешки кривични дела”, така би размислувал јас, што би било и предлог за во иднина кога ќе се предлага предлог на амандман. Мислам дека е непотребно, иако стои од поранешниот устав, заради водење на кривична постапка, што сметам дека ова е вметнато, веројатно, од некои други устави, но кое нешто е непотребно за мене, бидејќи ако се преземаат дејствија на прислушкување заради спречување и откривање на кривични дела, јасно е дека секое кривично дело се процесуира во кривична постапка, за да дојде до одговорност на сторителот на тоа дело, Мислам дека е непотребно тоа за водење на кривична постапка. Понатаму, каде што стои “или кога тоа го бараат интересите”, треба не “или” кога се набројува, би требало да изгледа како што кажав на потешки кривични дела, а особено кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на РМ. Мислам дека во тој дел текстот би бил многу појасен, многу почист и ќе ја дефинира потребата дека интервенираме во слободите и правата на човекот кои се гарантирани во делот за потешки кривични дела, а не како што стои овде на кривични дела, што може да биде за секој вид на кривични дела ако покаже таков интерес. Оној кој што се занимава со откривање на кривични дела и да бара до судовите, Судот да донесе таква одлука, за да биде некој прислушкуван.

Исто така, кога ја утврдувавме потребата од измени на членот 17 од Уставот и тогаш се изјаснив дека е недоволно интервенција само во членот 17, туку неопходна е потребата да се интервенира и во одредбите на Уставот каде е регулирано и дефинирано судството и обвинителството, кои сметаме дека и во Уставот е загарантирана независноста на овие органи и самостојност на судската власт, сепак, мораме да прифатиме дека засега не е самостојна и треба во најкраток временски период Владата на РМ, или Уставната комисија при Собранието на РМ да покрене иницијатива за измена на членовите на Уставот, каде што е регулирана материјата на судовите и Јавните обвинителства, каде што ќе се дефинира на еден поинаков начин на избор на истите, така што во таквата постапка истите би можеле да ја применуваат и оваа одредба од Уставот и Законот кој што ќе биде донесен. Така, ако сакаме правна држава, неоходно е третата власт да ја осамостоиме и да стане тотално независна од законодавната односно од парламентот. Толку би кажал инаку го поддржувам нацртот на текстот, со тие дополнувања што ги кажав.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам,

Г-дин Тасе.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе на Собранието на РМ, почитуван претставник на Владата, почитувани колеги пратеници!

Како што е познато Владата на РМ, соглсно своите уставни овластувања поведе иницијатива за промена на членот 17 од Уставот на РМ, поради што на една од претходните седници на Собранието на РМ и беше поднесен предлог за пристапување кон измена на членот 17 од Уставот на РМ, а за која промена или потреба за промена на оваа уставна одредба постеше апсолутен консензус кај сите пратеници, т.е. кај сите политички партиципиенти во Собранието на РМ.

Значи двојба немаше, потребата од промената на оваа уставна одредба беше потенцирана без исклучок од страна на сите политички партии кои се застапени во македонскиот парламент. Образложенијата и ставовите на секој политички субјект т.е. експонентите на политичките субјекти беа различни но од анализата на сите искажани ствови општо и поединечно провејуваа генерално ставови кои синтетизирано упатуваа на потребата од задолжително пристапување кон измената на членот 17 од Уставот на РМ. За што, всушност се работи и кои се основните причини пораи кои се пристапи, т.е. беше донесена одлука за пристапување кон

измена на членот 17 од Уставот на РМ, а еве денес пак пристапуваме и кон утврдување на текстот на нацртот на амандманот 19 на уставот на РМ.

Членот 17 од Уставот на РМ, е всушност уставна одредба, која уредува и која во основа се гарантира едно од најсуштински најосетливите права на граѓаните на РМ, а тоа е правото на гарантирање на неповредливост на писмата т.е. напишаното комуницирање, како и на сите други видови на општења, што од своја страна значи апсолутно уставна забрана за навлегување во сверата на приватниот живот и забрана за нарушување на она што значи интима и интимен живот на граѓните на РМ. Значи, со ставот 1 од членот 17 на Уставот на РМ се гарантира апсолутна заштита на комуникациите. Додека, одредбата од став 2 на членот 17 на Уставот на РМ како единствен исклучок од гаранцијата од ставот 1 на овој член го утврдува отстапувањето од неповредливоста на тајноста само за писмата како облик на комуникации, што секако претставува еден огромен недостаток, особено во услови на модерните топови на техничко технолошкиот развиток и достигнување на науката. Притоа, ставот 2 од членот 17 на Уставот на РМ предвидува отстапување од начелото на тајноста на писмата дека е тоа возможно само со одлука на суд ако е тоа неопходно за водење на кривичната постапка или ако тоа го бараат интересите на одбраната на РМ.

Во овој момент сакам да потенцирам дека ваквата формулација на одредбите од членот 17 од Уставот на РМ е мошне непрецизна и нејасна, со можност за едно пошироко толкување. т.е. можност за волонтаризам од страна на судските и другите органи под определени услови и околности според нивно наоѓање да отстапуваат од стриктноста на спроведувањето на оваа уставна одредба. Имено, формулацијата, ако е тоа неопходно за водење на кривичната постапка дава можност за едно многу широко толкување, т.е. можност ислучокот од став 2 да се применува без исклучок во сите ситуации кога има можност за поведување на кривичната постапка. Познато е дека во сите случаи ако постои основано сомнение за сторено кривично дело се поведува и се води кривична постапка, а тоа би значело дека независно од видот на кривичното дело и степенот на неговата општествена опасност да може да се бара од судот да донесе одлука, со која ќе се отстапува од начелото на неповредливост на тајноста на писмата и да се обезвреднува гаранцијата од членот 17 на став 1 од Уставот на РМ.

Ова, особено, сакам да го потенцирам од причини што членот 17 на Уставот на РМ, нема утврдено обврска со закон таксативно да бидат определени условите т.е. кривичните дела, кои ќе бидат предмет на опсервација односно заради кои ќе се

исклучи примената на начелото од став 1 на Уставот на Република Македонија. Исто така, Уставот на РМ има јасна и децидна формулација, има јасно разграничено поимите безбедност и одбрана на РМ и тоа во повеќе одредби, но во членот 17 став 2 од Уставот при набројувањето т.е. при определувањето на исклучокот од ставот 1, се наведува само одбраната и нејзините интереси, а не и интересите на безбедноста, што исто така е еден голем недостаток и мана на постојната формулација, со што истата и во овој дел ја прави на некој начин непотполна.

Содржината на ставот 2 на членот 17 од Уставот на РМ, така како што е формулирана не дава правна основа за користење на современите специјални и истражни средства и методи, а кои се рефлекси и продукт на модерните достигнувања на науката и на техничко технолошкиот развој на човештвото, а заради превентивно откривање и сузбивање на тешкиот криминал, особено на корупцијата, недозволената трговија со оружје, со дрога, тероризам и други облици на тежок криминал. Исто така, од содржината на членот 17 на Уставот на РМ, може да се заклучи дека не е предвиден и не постои уставен основ за донесување на закон, во кој на еден јасен и недвосмислен начин ќе се утврдат условите и постапката за примената на специјалните истражни мерки и средства, видот на кривични дела кои ќе бидат опсервирани, како и надзорот на службите, кои во извршувањето на овие работи односно утврдување на одговорноста за оние кои нема да постапат согласно законските одредби и заштита од евентуалните злоупотреби во сферата на приватноста на граѓаните во РМ.

Значи, отсуството на правниот основ и строго утврдената законска регулатива, за примена на современи специјални истражни средства и методи имплицираат злоупотреби на штета на граѓанските права заштитени со членот 17 од Уставот на РМ, што е нешто веќе потврдено во досегашната пракса и искуства во врска со недозволеното прислушкување на голем број на наши граѓани но истовремено има и негативна рефлексија во борбата против сите видови на тежок криминал, а особено во борбата против оргнизираниот криминал, корупцијата, недозволена трговија со оружје, дрога, тероризам, и други видови на овој криминал. Тоа се главно, недостатоците на Уставната одредба во членот 17 поради што и се пристапи кон поднесување на предлог за пристапување кон измена на член од Уставот на РМ.

По усвојувњето на предлогот за измени на члеот 17, Владата на РМ, согласно членот 131став 2 од Уставот на РМ и членот 203 од Деловникот на Собранието на РМ подготви текст на нацрт амандманот 19 од Уствот на РМ, со кој, всушност, се

врши интевенција во членот 17 од Уставот на РМ и истиот е доставен до Собранието на РМ заради негово утврдување од страна на пратениците. Текстот на амандманот 19 став 1, гласи: “се гарантира слободата и тајноста на писмата и на сите други облици на комуникација”. Ставот 2, само врз основа на Одлука на суд, под услови утврдени со закон, може да се отстапи од начелото на неповредливост на тајноста на писмата и на сите други облици на комуникации ако е тоа неопходно заради водење на кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на РМ”. На крајот, ставот 3: “законот се донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници. Генерално сметам дека текстот на Нацртот на амандманот 19 ги одразува заложбите и определбите кои беа содржани во предлогот за пристапување кон измена на Уставот, како и предлозите кои беа изнесени во расправата по предлогот, а особено заложбата за потребата од обезбедување на двотретинско мнозинство за донесување на Законот со кој ќе се операционализира овој амандман. Имено, со текстот на нацртот во ставот 1 од членот 17 од Уставот, кој е сосема прифатлив, по мене, како формулација поимот општење е заменет со терминот комуникација како поим кој е општо прифатлив во меѓународните документи. Во ставот 2 и со интервенцијата во него утврден е основот за донесување на законот, а со кои ќе бидат утврднеи условите и постапката за отстапување од начелото на неповредливоста на тајноста. Притоа, сакам да кажам дека тајноста не се однесува само на писмата, но и на другите видови на комуникации, како што се телефонските разговори, магнетофонските говорни снимки, видеофоните, фотографиите, приватните филмски ленти и други.

Понатаму, во текстот на ставот 2 може да се извлече заклучок дека отстапувањето од начелото на неповредливоста на тајноста на писмата и на другите видови на комуникации може да биде само на судска одлука под услови и постапки утврдени со закон.

На крајот, отстапувањето на начелото од неповредливост на тајноста е можно само ако е тоа неопходно заради спречување или откривање на кривични дела заради вршење односно заради водење на кривична постака и ако тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната. Меѓутоа, ваквата формулација на ставот 2 сметам дека треба да се допрецизира од причини што така како што е поставен не дава јасна слика за тоа кои кривични дела ќе се опсервираат, заради водење на кривична постапка, за кои кривични дела е возможно да се отстапи од начелото на неповредливоста на тајноста на комуникациите затоа, предлагам ставот 2 во членот

17 од уставот на РМ да гласи: “само врз основа на одлука на суд под услови и во постапка утврдена со закон може да се отстапи од начелото од неповредливост на тајноста на писмата и на сите други облици на комуникации ако е тоа неопходно заради спречување или откривање на определени кривични дела, заради водење на кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката”. Значи, ново овде е само зборот “определени”, затоа што со додавањето на овој збор едноставно се создава уставна обврска во законот точно да се наведат кривичните дела на кој ќе се однесува овој амандман и кои ќе бидат опсервирани со прислушкување од страна на надлежните органи.

Втората алтернатива, фториот став да си остане ист, да се додаде став 3 кој ќе гласи: “со закон ќе бидат определени видовите на кривични дела поради кои се отстапува од начелото од ставот 1 на членот 17 од Уставот на РМ”.

Ставот 3 на Нацртот на текстот останува ист и станува став 4.

Значи, сметам дека со ваквата интервенција го допрецизираме амандманот 19 и воедно утврдуваме уставна обврска за законодавецот со закон точно да ја определи правната рамка, односно точно да ги утврди видовите на кривични дела поради кои може да биде покренат механизмот за прислушкување, односно да се отстапи од начелото на гаранција за слобода на тајноста на писмото и на сите други видови комуникација.

Истовремено, со определувањето на видовите на кривичните дела, кои ќе бидат предмет на опсервација, се избегнува волонтаризмот и можноста од влијание врз судовите, анблок  да се донесуваат одлуки за присклушкување, односно за отстапување од начелото за неповредливоста и тајноста на комуникациите, а од друга страна се обезбедува и можност за нивна апсолутна независност, кои треба и ќе работат само и врз основа на закон.

Од тие причини, сметам дека текстот на Нацртот на амандманот 19 на Уставот на РМ е добар и го прифаќам со наведените дополнувања кои ги изложив во моето излагање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Зоран Томиќ.

ЗОРАМ ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

сметам дека измената на членот 17 на Уставот на РМ навистина, како што кажаа и моите колеги, е во духот на Европската конвенција за човековите права и усогласување на нашето законодавство, односно законодавството да РМ со

законите на другите држави и она што значи навистина во духот на Европската конвенција и на легислативата на Европската Унија.

Она што посебно би сакал да го истакнам, а за што во пратенижката група на СДСМ навистина нема никакви причини да не гласаме позитивно, односно да гласаме за интервенцијата во членот 17 на Уставот на РМ и мојата заложба е токму во насока на подобрување на текстот на Уставот на РМ, токму во членот 17.

Бидејќи тука јасно се кажува дека само врз основа на одлука на суд, а под услови и во постапка утврдени со закон може да се отстапи од начелото на неповредливост на тајноста на писмата. Меѓутоа, ми се чини дека и двајцата колеги не го дочитаа текстот до крај, бидејќи јасно стои дека заради водење на кривична постапка, или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката се главните чинители поради кои да кажеме не се приоѓа кон оние предлози што ние ги истакнавме да ги прецизираме во условот за кои кривични дела би можело да стане збор. Мислам дека од текстот сосема јасно се гледа за кој дел кривични дела станува збор. Така што да го ставиме терминот “определени” или да ги прецизираме, односно да ги наведеме кривичните дела, мислам дека би се оптоварил текстот на Уставот. Затоа мислам дека ставот 2 е сосема јасен, особено што мислам дека направените интервенции, а со цел да се отстранат непрецизностите во ставот 2 на член 17 од Уставот се навистина јасни, бидејќи е утврден основ за донесување на закон со кој ќе се утврдат условите и постапката за отстапување од начелото на неповредливост на тајноста на писмата, понатаму отстапувањето од начелото на неповредливост на тајноста на писмата и другите облици на комуникација дека може да биде самос врз основа на одлука на суд и под услови и постапка утврдени со закон, понатаму дека отстапување од начелото на неповредливост на тајноста е утврдено не само за писмата како што е постојниот текст, туку сега станува збор и за сите други облици на комуникација и конечно дека отстапувањето од начелото на неповредливост на тајноста е можно само ако е тоа неопходно заради спречување или откривање на кривични дела заради водење на кривична постапка, или ако тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката. Сметам дека навистина станува збор за една квалитетна измена и истата во целост ја поддржувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници и претставници на Владата, после два пати ставање на Предлогот за донесување за пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија денес на дневен ред се наоѓа Нацртот на Амандманот на член 17 од Уставот на Република Македонија. Како член на матичната комисија, односно Комисијата за уставни прашања при разгледувањето на овој Нацрт-амандман ние како опозиција му дадовме подршка притоа давајќи определени сугестии и предлози на претставниците на Владата кои се предлагачи на овој амандман. Во неколкуте претходни расправи по овој амандман, јас би сакала да повторам одредени делови. Со оглед на брзиот развој на информациските и комуникациските системи и нивното непречено усовршување како и постојаниот пораст на криминалитетот во Република Македонија од нејзиното осамостојување до денес пред се на организираниот криминал, недозволената трговија со оружје, дрога, бело робје и во последно време тероризмот се причините на кои се повикува Владата и предложи пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија. За ова последното, за тероризмот, или како што Владата милува да каже, криминално-терористички групи спрема кои тие особено премиерот покажуваат нулта толеранција можеби е и оправдано барањето за што поскоро легализирање на прислушкувањето кое пак во случајот на некои си таму некаков команден кадар чие име воопшто не е вредно да се спомнува, претпоставувам дека единствената причина зошто тој е анонимус до ден денешен сеуште не се наоѓа пред органите на власта. Ако навистина тоа е причината, односно борбата против организираниот криминал, борбата против тероризмот и корупцијата како во случајот на таканаречениот голем борец за човекови права и во редицата други неуспеси на оваа Влада, а посебно со борбата со вакви борци, тогаш вие почитувани претставници на власта ја имате огромната поддршка за овој амандман токму од опозицијата. Сепак, почитувани претставници на Владата посебно на СДСМ најдобронамерно ве предупредувам дека во таа борба многу потешко ќе ви биде со вашите коалициони партнери чии апетити никогаш не стивнуваат отколку со опозицијата, а штетата е ненадоместлива и за позицијата и за опозицијата, а за народот и да не зборуваме.

Во однос на самиот текст на амандманот ќе се задржам само на оној дел кој го сметам особено важен, а на кој сите колеги претходно се повикаа, тоа е ставот 2 по кој се расправаше на неколку собраниски комисии. Како што реков тоа се однесува конкретно на ставот 2 од Нацртот на амандманот каде смислење треба сепак да се детерминираат кривичните дела поради кои се бара отстапување од начелото на

неповредливост на писмата и другите облици на комуникација. Иако ова прашање беше поставено и до повереникот на Владата, т.е. до државниот секретар во МВР кој беше присутен на Комисијата за уставни прашања токму во делот за детерминирање на кривичните дела беше одговорено дека тие кривични дела таксативно ќе бидат наведени во Законот за следење на комуникациите кој е веќе во изработка. Со оглед на тоа дека се работи за измена на правен акт во Република Македонија кој по својата димензија претставува рамка во која се движат сите останати норми и акти, потребно е и во овој случај самата измена и во самиот Устав да претставува определена детерминирана рамка каде ќе се движат кривичните дела за кои ќе има отстапување од начелото на неповредливоста на писмата и другите облици на комуникација. Сепак, се работи за отстапување на начинот. И мора да биде дефинирано за кои кривични дела ќе се врши тоа отстапување. Потврда за ваквото мое размислување е и во неколкуте устави на соседните земји каде што на пример во уставот на Република Бугарија во член 34 стои дека тие кривични дела се детерминирани како тешки престапи, а во Уставот на Република Грција во член 19 стои дека се работи за особено сериозни кривични дела. Затоа сметам дека ваквата формулација како што е сега во овој Нацрт-амандман упатува на фактот дека за следењето, за прислушкувањето и за другите специјални истражни мерки кои се предвидуваат со законот за следење на комуникациите вака како што е сега даден Нацрт-амандманот можат да се применат. Прво, ако е тоа неопходно заради спречување или откривање на кривични дела, а не се наведува за кои кривични дела. Второ, заради вршење, заради водење на кривична постапка, меѓутоа кривична постапка се води и злоупотреба на службена должност и овластување и за кривично дело клевета и за кривично дело навреда. Значи, кривична постапка постои. Трето, или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на РМ. Но, овде релативно недоволно се детерминирани на кои кривични дела се однесува. Се надевам дека овие сугестии ќе бидат прифатени од претставниците на Владата при утврдувањето на текстот на амандманот.

Сосема на крај, јас ќе го поддржам Нацртот на овој амаднман со цел Владата конечно после една година да почне да ги гони, а и не само да ги гони делот од таканаречените борци за права на обесправените албанци во РМ кои останаа на теренот, а истовремено да престане со спектаклите за кривични пријави против претстапници на опозицијата кои беа носители на функции во претходнот мандат и тоа секогаш се темпираат така вниманието на јавноста да биде свртено на тие

пријави, а не она што значи зачувување на Република Македонија како наша единствена земја.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, дозволете ми накратко да го кажам својот став по однос на оваа точка на дневен ред. Можеби целта поради која што се јавив за збор е токму и да го искористиме присуството на министерот господинот Хари Костов како предлагач, претставник на предлагачот по однос на текстот на нацртот. Ја немавме таа можност во комисиите, мислам беа тука пртставниците на Министерството, повереницте, министерот не беше тука што е и разбирливо, човекот беше ангажиран со ловење на криминалци особено на Чакала и нормално дека неможеше да присуствува на Комисијата. Да бидам искрен, мислев дека денеска ќе излезеше и министерот и ќе кажеше дека конечно Чакала е уапсен, меѓутоа не сме слушнале таква работа.

Да се вратиме на она кое е тема на дневен рад, значи треба да се легализира прислушкувањето на начин на кој што се предвидува со текстот на Нацртот на Уставот. И сега камо среќа да беше усвоен амандманот и камо среќа да имавме уставна рамка со еден ваков амандман, тогаш сум убеден дека командантот Чакала ќе беше уапсен, затоа што сега неможеме да најдеме каде се крие, бидејќи неможеме да го прислушкуваме, што е нормално, бидејќи ни е недозволено, иако цела јавност комуницира легално. Но, тоа ќе го поставиме во делот на пратенички прашања. Сега да се вратиме на текстот. Значи ова е втора фаза Нацрт дискутираме и расправаме за поддршка на овој текст кој што ни го предлага МВР, што значи дека првата фаза ја поминавме, дадовме согласност да се пристапи кон измена на Уставот. Сега даваме согласност да го потврдиме, односно прифатиме ова што ни се нуди, а третата фаза ќе биде да се утврди текстот. Сигурно министерот ги има прочитано сите извештаи од Комисијата и од Комисијата за уставни прашања и тн. и сите други, многу да не ги повторуваме. Но кога сум веќе на говорница да искажам уште нешто, тоа е самиот текст читајќи го, барем јас читајќи го мене не ми е јасно дали само со одлука на суд може да се врши прислушкување, поточно отстапка од овие гарантирани права, бидејќи тоа го кажавме во комисиите. Ако го читаме ставот 2 се наметнува една дилема и се вели:само врз основа на одлука на суд, под услови по постапка утврдени со закон. Кај нас правниците секоја запирка има некое посебно значење а од друга страна ако го читаме

образложението на страна 3 каде што се зборува за образложение на она што се нуди со оваа реченица, таму пак стои, значи отстапување од начелото на неповредливост на тајноста на писмата и другите облици на комуникација може да биде само врз основа на одлука на суд и под услови и во постапка утврдени со закон. Тука е според мене една нејаснотија, значи дали воопшто треба да стои зборчето “и” или треба да остане запирката за да се конкретизира дека станува збор за она дека само со одлука на суд и тн. тоа може да се легализира. Исто така текстот е проширен од оној стар текст кој што ни го донесе Уставот, со тоа што се додава дека вакво отстапување може да се врши во услови за безбеност, значи покрај одбраната, како и новината која што ја нуди министерството заради водење на кривична постапка, наспроти старата реченица во стариот збор каде што стоеше поради неопходна потреба заради водење на кривична постапка. И сега тука предлагачот кажува, поточно тврди дека ваквата формулација е попрецизна наспрема претходната. Според мене мислам дека не е баш толку прецизна затоа што терминот заради водење на кривична постапка дава и упатува можност дека отстапување на вакво начело може да се врши буквално по секоја кривична постапка за разлика од она претходната формулација значи кога тоа е неопходно потребно што во никој случај не се мешеме во ингеренциите на судот кој ќе оцени кога е тоа неопходно потребно. Така да сметам дека како што и стои реченицата кога се истражните дејствија, значи кога е тоа неопходно потребно, јас лично сметам дека потребно е и може да стои и вакква формулација кога станува збор и за водење на кривичната постапка. Тоа се неколку забелешки кои што ги искажав и во комисиите, нормално дека предлагачот ќе го има тоа во предвид во секој случај за да се дојде до еден подобар текст.

И сега кога сме тука јас би сакал да го повторам ставот на мојата политичка партија.

Почитувам министре, вие зедовте обврска и таа обврска јавно ја кажавте и истакнавте дека паралелно со подготвувањето на Нацртот, па и утврдување на текстот на Уставот ќе оди онаа работна верзија на Законот кој што овдека се предвидува да се усвои со двотретинско мнозинство. Јас само ќе сугерирам и понатаму ние очекуваме тој процес да заврши со обострано задоволство, значи со една согласност меѓу политичките партии, за да на крајот дојдеме до третата фаза и го усвоите Уставот, значи да дадеме рамка и после со таа работна верзија која ќе биде исфилтрирана, настапиме што побрзо со тој закон. Значи да се спречат сите можности од манипулирање, од манипулации, значи да имаме една чиста формула.

Таа работна верзија е доставена до партијата, разгледана е, вие знаете дека има сериозни забелешки и нормално што и нормално кога се нуди прва работна верзија, значи сакам да упатам апел да се интензивираат тие разговори со стручните тимови од двете партии да речеме претставници кои што ги имаме, за да го искористиме овој период и ова време до крајот нели кога ќе дојде третата фаза да немаме никаква дилема за да можеме да го усвоиме и утврдиме текстот на Амандманот XIX.

Се надевам господине министре дека независно од вашите ангажмани во ловењето на криминалци ќе најдете време и оваа работна верзија да ја исфилтрирате што поскоро.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван господине министер,

Еве веќе по втор пат, односно трет пат на дневен ред е измена на член 17 од Уставот на Република Македонија. Јас би сакал само да се задржам на она што како сугестија и во оној дел кога го изгласавме, односно почнавме со процедурата по првата фаза од донесувањето на амандманот, а тука нешто и ќе додадам дека Уставот на Република Македонија сепак претставува рбет на севкупните правни норми на Република Македонија, и ако се потсетиме малку station наназад тој Устав на Република Македонија во времето кога беше разгледуван од двајца врвни професори на уставно право професорот Бадинтер од Сорбона и професорот Херцок од Хајдрберг доби највисоки оценки и покрај тоа Репбулика Македонија се доближи до Европската Унија или пак ние го решивме проблемот со името и покрај тоа што беше очигледно дека нашиот Устав е многу подобар дури од Уставот на Словенија, Хрватска од кои што Словенија веќе од 01.04.2004 ќе биде членка на Европската Унија.

Едноставно, со добри желби не се постигнува чекорење кон Европската унија. Европската Унија ни поставува задача, односно сега министерот за внатрешни работи треба со овој амандман одредени подобрувања во делот на човековите права да ги разреши, меѓутоа, се постигнува обратен ефет, затоа што тој амандман ние не го подобруваме, односно не ја подобруваме заштитата на безбедноста,

суверенитетот и територијата на Република Македонија, туку сосема обратно, со овој амандман ние во Уставот како институција на Република Македонија треба да ги заштитиме човековите права и граѓански слободи на луѓето кои што и сега се прислушкуваат, бидејќи се прислушкува во континуитет и во поранешниот систем, а се прислушкува и сега. Едноставно, ние имаме добра волја за она што значи предлог на Владата на Република македонија и нашата парламентарна група како опозиција се произнесе дека ќе го поддржи овој амандман, но со сугестии тоа да биде искрено и тоа да биде на начин кој ќе значи навистина ставање точна граница каде се човековите права и граѓанските слободи на граѓаните на Република Македонија, а од каде почнува заштитата на безбедноста, одбраната и сите оние повисоки интереси, заштита на државата Република Македонија.

Од тука, вака предложен штур амандман, со неколку реченици да речеме што кажува дека ќе се води кривична постапка, а во исто време, или пак за заштита на одбраната и безбедноста на Република Македонија, не се дава еден сеопфатен корпус на закони кои што ќе бидат сменети, пред се Кривичниот закон. Ние сега ќе разгледуваме изменување и дополнување на Кривичниот закон, меѓутоа, таму се зборува за процедура, а не за суштината на воспоставување на баланс помеѓу законодавниот дом, помеѓу судската власт како независност, како извршната власт, туку сеуште во кривичната постапка истражниот судија работи по налог на обвинителот. Да ги собере доказите да докаже дека некој е виновен или не е виновен. Значи во таа истражна постапка која што е дел од Кривичниот законик, сеуште обвинителот кој што работи во делот на извршната власт врши пресија врз независноста на судската власт и во сегашниот момент, а можеме да замислиме што ќе се случи доколку ние ја смениме конституцијата и овозможиме промена , односно го инсталираме ова право да може да го имаат одредени институции во државата, а притоа не ги заштитиме граѓаните на Република Македонија на начин што ќе значи и неповредливост на нивното право, ако се тие навистина невини и навистиа не го загрозуваат територијалниот интегритет и одбраната и безбедноста на Република Македонија. Едноставно, мислам дека имаме погрешен пристап кон оваа проблематика. Едно е желбата ние да го поддржиме она што значи осовременување на законските норми во Република Македонија согласно тоа што ни го дава Европската Унија а друго е тука да кажуваме дека со тоа ќе се подобри системот на македонската одбрана и безбеност. Значи имаме едноставно едно образложение, друг текст на закон, односно друг текст на амандман, а на крајот не произлегува ништо од тоа, чисто гол амандман, кој што не кажува со кои

дополнителни измени, во кои делови од правните норми кои што се пониски од Уставот, самата илустрација ќе ви каже, ние тука со закон прекршивме уставна норма за Републичкиот судски совет и го разрешивме Републичкиот судски совет при сугестија на Меѓународната заедница дека не треба тоа да го направиме и од пратеникот на Руската унија господинот Брунс и од соодветни амбасадори на Меѓународната заедница. Значи тоа се многу деликатни прашања и не заради тоа дека ние сега ќе дадеме поддршка. Мојата сугестија е уште еднаш во таа насока, дајте да седнеме, уште одсега да предвидиме во кои делови на македонското законодавство, во кои односи помеѓу македонскиот законодавен дом, во она што претставува независноста на судската власт, во она што претставува обвинителството, во тоа што претставува кривичната постапка или на крајот на краиштата посебните национални интереси за безбедноста за одбраната на Република Македонија ќе наидиме во тој корпус на прашања, би рекол во тој заеднички проект во кој што ќе ја одредиме точно границата на неповредливоста на човековите права и граѓански слободи. Едноставно независно од тоа што ВМРО-ДПМНЕ како партија во делот на она што значи политичка димензија на ова чекорење кон Европската Унија ја даде својата визија уште на претходната седница, од претходната парламентарна расправа останува дилемата кај секој поединец како член на законодавниот дом дека со ваков текст амандманот, со вакви штури образложенија кои што говорат само за она што претставува тема на денот, денеска е тоа амандманот XIX и измена на член 17 од Уставот, ние нема да ја подобриме конституцијата на Република Македонија, која што, уште еднаш ќе кажам со оценка на двајца врвни професори на уставно право беше подобро од сите, а не не доближи до Европската Унија, не ни ги реши проблемите со името, не ги реши сите оние проблеми кои што Македонија ја обременуваат во овие 13 години самостојност. Оттука, ги замолувам предлагачите на законот, барем во она кога ќе биде јавната расправа и пред да дојде предлогот на амандманот за гласање, сите овие елементи за кои што говорев, тој проект да го поднесат. Тој треба да биде доста обемен проект и притоа како што се работеше секогаш кога се работи за Устав, со учество на сите политички партиципиенти во законодавниот дом на Република Македонија, со учество на експерти од Република Македонија и можеби повторно, зошто не Бадентер или Херцот да ние донесеме амандман кој што ќе биде навистина необорлив. А не утре кога ќе дојдеме во фаза на се надевам предподготовка за влегување во Европската Унија ќе треба и тогаш да менуваме повторно, можеби и овој амандман или други амандмани кои што ќе бидат нужни затоа што немаме

баланс, немаме точно дефинирани односи во врска со овој амандман помеѓу институциите на Република Македонија, законодавниот дом, извршната власт, судството.

Тоа се моите сугестии, се надевам дека предлагачот ќе ги има во предвид и ќе си го задржам правото и во третата фаза на расправа, доколку не биде поднесен тој проект во целина, уште еднаш да укажам дека вака донесен само како гол амандман,
како амандман кој што не дава понатамошни задачи во делот на она што значи подобрување на сите закони во Репулика Македонија кои што ја тангираат ова област, а тие се многу и се во голем обем, тогаш мислам дека нема да ја завршиме работата и тоа нема да значи чекор поблиску до Европската Унија. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот XIX на Уставот на Република Македонија.

Предлагачот се јавува за збор.

ХАРИ КОСТОВ:

Благодарам претседателе, ја нема да се задржувам на дискусија околу тоа што значи амандманот, затоа што мислам дека имавме во првата фаза, па и во оваа втора фаза доста дискусии и во јавноста и во собраниските комисии, а тек сега фактички ќе претстои јавната расправа. Меѓутоа би сакал само на неколку прашања да одговорам на некои од тезите кои што овдека беа покренати.

Прво самиот текст на амандманот е изработен и врз основа на искуствата кои што ги имавме од Европската конвенција, од европското законодавство и од компаративна анализа која ви беше доставена и во првата фаза од усвојвуањето, од уврдувањето на предлогот на иницијативата за пристапување кон промена на Уставот, имавте една компаративна анализа во која што беше дадена една таква оценка. Според тоа, овој амандман не може да се очекува, јасно утврдува и закон и соодветна судска постапка. Во амандманот ние не можеме да очекуваме сека дека ќе се регулира ова, оној, ваков, таков закон, во законот што ќе биде содржано, затоа што токму самиот текст на амандманот укажува на потребата од носење на закон. Како што приметивте, воопшто во самиот текст на амандманот кој што е денес

доставен, денеска е на дневен ред, денеска се расправа, е вметната и таа обврска дека законот ќе се носи со двотретинско мнозинство и значи секои наредни измени на тој закон, било какви измени ќе се носат со такво квалификувано мнозинство. И ние тој закон веќе во текот на мај, тогаш кога првата фаза од уставниве промени беше на дневен ред на Собранието, веднаш потоа беше доставен до сите таа работна верзија на законот, беше доставен до сите пратенички групи, до експерти од Правен факултет и други самостојни експерти и тн. во кои што се одржаа повеќе средби во Министерството за внатрешни работи. Според тоа, би сакал да кажам бидејќи беше тоа дискусија на некои од комисиите а иденеска би сакал да укажам на потребата не само декларативно да се зборува за потребата на усогласување на законот кој произлегува од овој уставен амандман, туку навистина некои политички партии и да работат со Министерството за внатрешни работи на конкретно формулирање на тој закон. До сега имавме голем напредок, во голем дел е усогласен законот, меѓутоа, во вторникот на пример исто беше закажано седница во МВР на сите пратеници и експертите кои од страна на ВМРО-ДПМНЕ беа назначени да учествуваат во работата на таа седница им се доставени материјалите, меѓутоа, никој не се појави на тоа тело. Според тоа, отворени сме за работа, никој во овој дел нема никакви и скришни намери против овој или против оној, затоа што токму со Уставот и законот се утврдува таа работа која што нема да има, односно нема да овозможи злоупотребување, односно кршење на човековите права затоа што зборувавме и во првата фаза тука се воспоставува баланс на човековите права, меѓутоа и интересот околу сузбивањето на криминалот, одбраната, заштита на безбедноста и тн. Јас би укажал на потребата за поголемо присуство и работа на самиот закон, за усогласување на законот кој што е во тек на Министерството за внатрешни работи а не само да се даваат изјави и по тој дел на состаноците да не се доаѓа. И на крајот сакам да кажам дека овој уставен амандман законот и постапките кои потоа ќе следат нема да се однесуваат само за Чакала бидејќи пратеникот Караџоски бил многу запознаен со него, нема да се однесува само за Чакала или за некои борци за права, туку ќе се однесува за сите лица кои што подготвуваат, извршуваат кривично дело. Би предложил фактички она што е на Комисијата за уставни прашања да се утврди текстот на амандманот така како што е извештајот на сите комисии да се стави на јавна расправа, при што ќе ги имаме предвид и забелешките кои што беа изнесени во дискусијата во комисиите, забелешките од денешното излагање на повеќето учесници, меѓутоа и тоа што ќе произлезе од самата јавна расправа, затоа што веќе е подготвен план и опфаќа

разговори во Правниот факултет, невладини организации, здруженија на граѓани и тн.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Караџоски се јавува за реплика на министерот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван министре, јас во моето излагање не спомнав дека амандманот ќе се однесвуа само на Чакала. Јас кажав дека ја користам приликата што ве гледам овде да го изнесам она што го зборував на комисиите, со оглед на тоа што на комисии не доаѓавте, бидејќи бевте зафатен со ловењето на командантот Чакала согласно изјавата на премиерот кој кажа дека местото на Чакала е само во Шутка. И вие нормално, како извршна власт директно под ресорот на МВР моравте да ги засукате ракавите и господинот Чакала да го сместите таму каде што кажа премиерот. Меѓутоа, секојдневно тој командант толку беше експониран во сите средства за јавно информирање и постоеше можност буквално секој граѓанин да може да разговара со него преку мобилен телефон што беше јавно објавен. Јас сакам да ви кажам дека тоа беше еклатантен пример. Се подразбира дека сигурно Уставот и законите не се однесуваат само за еден човек. Инаку, како дел од јавноста во Македонија секој ден седев пред телевизорот и само очекував кога ќе излезе повторно премиерот заедно со вас и ќе ја дадете онаа изјава после толку долготрпна работа господинот Чакала е уапсен конечно. Тоа секој во Република Македонија го очекува, но за жал денеска тоа соопштение не го слушнав.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Трајановски реплика на министерот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да демантирам едно искажување на министерот за внатрешни работи во смисла на повикување на работната група за изготвување на текстот на работниот материјал на законот кој што следува врз основа на овој амандман. Имено, оваа група не е прв пат, значи неколку пати, како што кажа и министерот имаа состанок во МВР и си имаа начин на повикување на оваа работна група директно преку членовите или преку штабот на ВМРО-ДПМНЕ. Во сегашниот случај материјалите биле доставени во Парламентот до пратеничката група и откако во

вторникот во 13 часот кога бил закажан состанокот почнаа да бараат од МВР зошто не се дојдени луѓето, меѓу другото побараа во Парламентот, дури тогаш ние го најдовме материјалот. Значи, доколку се запазеше процедурата за повикување на работната група онака како што беше повикувана, тогаш немаше проблем. Имаа дирекна комуникација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, тоа се технички проблеми кои ќе ги надминете кога има согласност.

Го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот XИX на Уставот на Република Македонија.

Ги молам пратениците што излегоа да влезат во салата бидејќи ќе гласаме.

Текстот на Нацртот на амандманот XИX на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве потсетувам дека согласно член 131 став 2 од Уставот на Република Македонија, Нацртот за измена на Уставот го утврдува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратнеика. 72 гласале за и тројца зе воздржале.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот XИX на Уставот на Република Македонија.

По повод утврдувањето на Нацртот на амандманот XИX на Уставот на Република Македонија Комисијата за уставни прашања му предлага на Собранието да ги донесе следните заклучоци:

1. Нацртот на амандманот XИX на Уставот на Република Македонија се става на јавна дискусија. Јавната дискусија трае 30 дена од денот на објавувањето на овие заклучоци во “Службен весник на Република Македонија”.

2. Нацртот на амандманот XИX на Уставот на Република Македонија заедно со овие заклучоци ќе се објави во сите дневни весници во Република Македонија.

3. Граѓаните, политичките партии и здруженијата на граѓани, органите и организациите, како и другите учесници во јавната дискусија, своите забелешки и предлози и сугестии по Нацртот на амандманот XИX на Уставот на Република Македонија да ги упатуваат до предлагачот Владата на Република Македонија.

4. Предлагачот, Владата на Република Македонија да ја следи и сумира јавната дискусија и најдоцна 30 дена по завршувањето на јавната дискусија на

Собранието да му достави извештај за резултатите од јавната дискусија и текстот на Предлогот а амандманот XИХ на Уставот на Република Македонија .

5. Овие заклучоци ќе се објават во “Службен весник на Република Македонија”.

Предлогот на заклучоците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 70 гласале за и 3 се воздржале.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија ги донесе предложените заклучоци.

Минуваме на точката 2 - Предлог на закон за изменување на Законот за радиодифузна дејност.

Предлогот на закон и дописот на претседателот на Република Македонија се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Денеска повторно ќе расправаме за измените и дополнувањата на законот за радиодифузија, заради непотпишување на указот од страна на претседателот на Република Македонија.

Сакам повторно да се навратам на расправата по извештајот на МРТВ и постигнатиот консензус за значењето на јавниот радиодифузен сервис и воопшто радиодифузната дејност како национален интерес. На таа собраниска расправа еден од заклучоците што ги донесовме гласи: “Собранието на Република Македонија констатира дека досегашниот модел не овозможува ефикасно собирање на радиодифузната такса како јавна давачка и предлага Владата на Република Македонија да изготви и предложи измени на законската регулатива, со што ќе се овозможи ефикасна наплата на истата.

Сакам да потсетам и на член од Законот за радиодифузија каде се дефинира радиодифузната такса, го цитира: “за покривање на сите трошоци врзани со создавањето на општи услови за развој на радиодифузната дејност, особено преку изградбата, одржувањето и употребата на јавната радиодифузна мрежа за заштита на радиодифузниот простор на Републиката за создавање на радиодифузни телевизиски програми од јавен интерес во рамките на остварувањето на

загарантираните основни права и слободи на човекот се воспоставува радиодифузна такса. Радиодифузната такса има карактер на јавна давачка.

Во член 77 од Законот за радиодифузија е дефинирана распределбата на радиодифузната такса на следниот начин: 61% за јавното радиодифузно претпријатие за создавање и емитување на програма од интерес на државата, 16,5% за изградба, одржување и управување на основната радиодифузна мрежа, 7,5% за развој и техничко опремување, 5% за јавни радиодифузни претпријатија на локално ниво и 10% за создавање и емитување на програми од јавен интерес за трговски радиодифузни друштва и за независни продуценти.

Заради ниското ниво на наплата на радиодифузната такса 40% во извештајот што го разгледувавме на нашата седница, сите овие функции се доведени во тешка состојба и Владата ги предлага овие измени на Законот за надминување на состојбите за донесување на новиот закон за радиодифузија.

Радиотелевизиска програма емитуваат 157 субјекти, 30 во јавниот и 127 во приватниот сектор. 65 кадровски оператори дистрибуираат 9 програми и единствената сателитска програма на МРТВ и сите овие податоци зборуваат за големиот број на учесници во радиодифузијата и потребата од зголемување на конкурентноста и посебно контролата во оваа сфера. На дневен ред на оваа седница е и извештајот на Советот за радиодифузија

На тоа обврзуваат и препораките и директивите на Европската Унија, особено директивата на Европската Унија , Телевизија без граници и Спогодбата за стабилизација и асоцијација и Конвенцијата за прекугранична телевизија. Бидејки радијодифузната дејност е тесно поврзана и со Законот за телекомуникации, Законот за концесии, Законот за авторски и сродни права, а имајки го во предвид исклучителното значење на оваа област , подготовката на новиот закон за радиодифузија и усогласувањето со другите закони е важен проект кој треба да ги отстрани постојните недостатоци , изврши усогласување со европското законодавство.

На крај почитувани колеги , претставник на Владата, почитуван министре, почитувани граѓани на Република Македонија ,

Оние закони кои треба да се променат, ќе ги промениме. Тие што треба да се донесат ќе ги донесеме, но треба и други многу важни нешта да менуваме, а тоа се сфаќањата, навиките , предрасудите, однесувањата, бидејки амбиентот во државата го правиме сите ние. Парламентот, Владата, институциите и граѓаните, секако најголема е одговорноста на политичките субјекти, но институциите особено нивните

раководства и граѓаните треба да го понесат својот дел од одговорноста,доколку сакаме да градиме меѓусебна доверба и организирана држава во која владее правото. Заради сите наведени причини и околности ги подржувам предложените измени на законот и благодарам за вниманието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

По однос на овој закон веќе еднаш се дискутираше во овој Парламент и беа искажани многу забелешки и многу дилеми во однос на решението кое што се предлага со овој закон.

Јас само сакам да повторам неколку и да го искажам мојот личен став и ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, дека нема да поддржиме ваков предлог, а тоа покрај она што го кажавме на седницата на која што беше првично изгласан овој закон од страна на парламентарното мнозинство. Сакам да апелирам до Владата што побрзо да го изготви новиот закон за радиодифузија со кој што целосно ќе ги реши проблемите во оваа област. Со цел да се има во предвид состојбата и во однос на позицијата и финансирањето кое што го имаат радиодфузните друштва како приватните така и државната Радио и Телевизија, а исто така да се има предвид и состојбата во Електростопанство на Макеоднија, која со донесувањето на овој закон апсолутно се влошува.

Несакајки да навлегувам во конкретните работи кои беа кажани претходниот пат, сметам дека радиодифузната такса како дел од цената на електричната енергија претставув аеден нонсенс, затоа што цената на електричната енергија и Владата, па и Парламентот, а исто така и како политика, има намера да оди во правец да биде економска категорија, што знажи да се оди во правец на реално вреднување на цената на електричната енергија, а не воведување такса во нејзиниот износ. Аргументите дека тоа ќе бид епосебно прикажано во сметките за електрична енергија и дека на тој начин сите потрошувачи ќе имаат увид во износот кој што треба да го платат, претставува само формален начин на изговор, затоа што суштински радиодифузната такса при прифаќањето на овие измени на Законот директно влегува во цената на електричната енергија. За ова има дилеми и од

уставноправен карактер, затоа што се знае на кој начин може да се определуваат такси, а радиодифузната такса претставува една такса која е јавна давачка и на тој начин не може да се внесе во цената на електричната енергија , која претставува економска категорија и има своја цена, а работењето на Електростопанство на Македонија треба да се заснова на економски критериуми. Впрочем, и целта на идната приватизација на Електростопанство и неговата поставеност во државата е во тој правец да се видат реалните состојби на Електростопанство на Македонија и да се најдат начини за негово подобро функционирање и структурно организирање и ненаметнување на други проблеми кои ќе претставуваат државно мешање во неговото функционирање директно.

Исто така, имајки предвид дека со ова само се одлага решавањето на овој проблем, а воопшто не се решава, дирекно ќе влијае и врз наплатата на електричната енергија , односно ќе претставува еден начин на кој Електростопанство на Македонија ќе биде доведено во состојба да не може да ги исклучува своите должници кои треба да ја плаќаат потрошената електрична енергија, туку ќе бидат доведени во ситуација да не можат да ја наплатат цената на електричната енергија, затоа што тоа ќе мораат да го направат заедно со радиодифузната такса, која ќе претставува дел од таа цена. Впрочем, тоа е и цел на изменит ена овој закон и од тие причини сакам да го искажам и мислењето на граѓаните што ги претставувам, а тоа е дека ова претставува еден начин кој не претставува решавање на проблемите во радиодифузијата, ниту пак создавање на услови за нормално функционирање на ЕСМ, ниту создавање ред во наплатата на оваа радиодифузна такса, од причина што и самата евиденција на лицата или домаќинствата кои треба да плаќаат радиодифузна такса не е ажурирана долго време, МРТВ е ставена во ситуација да прифаќа или да не прифаќа ослободување од радиодигузна такса. Значи, има огромен број на проблеми кои треба да се решат на единствен начин, а не со вакви паушални дневни решенија, кои за кратко време ќе се покажат како неуспешни и мислам дека под влијание на раководството на ЕСМ, Управниот одбор на ЕСМ и самата Влада ќе биде доведена во состојба да го преиспита овој предлог и решавањето на овој проблем на овој начин, што апсолутно не претставув аникакво решение на проблемот, туку само ги усложнува и онака тешките состојби во кои се наоѓаат радиодифузните друштва и ЕСМ.

Од овие причини, уште еднаш сакам да го истакнам ставот на нашата пратеничка група дека не можеме да прифатиме внесување на јавна давачка во економската цена на електричната енергија. Не можеме да прифатиме создавање

на дополнителни тежини во работењето на  ЕСМ и не можеме да прифатиме  создавање состојба во која граѓаните ќе бидат оневозможени да ја платат електричната енергија заради наметнатата радиодифузна такса, која како што кажав се наплаќа врз основа на евиденција која би требало дополнително да биде ажурирана, со цел да се надминат проблемите кои се однесуваат на наплата на радиодифузна такса од објекти кои не се користат, од лифтови, штали или незнам какви други објекти, на кои им е наметната ваква давачка.

Од овие причини, уште еднаш напоменувам и истакнувам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе бид епротив донесувањето на овој закон кој што впрочем беше оспорен од Претседателот на државата токму од овие причини.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот.

прелдогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 54 пратеници.

Ве молам, утврдете колку пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека гласањето е валидно, бидејки во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за радиодифузна дејност.

(Реакција од некои пратеници).

Реагирате официјално или не?

Законот е донесен.

Гледам има нејаснотии кај опозицијата. Доколку законот се донесе со 61 глас, претседателот е должен да го потпише. Доколку не се донесе со 61 глас, важат одредбите со 40 или повеќе, тогаш тој повторно може да не го потпише и повторно се враќа по трет пат.

Законот е донесен денес на Собрание.

Преминуваме на Треттата точка од дневниот ред - Предлог на закон за судски буџет.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Со оглед дека овој закон го донесуваме во сите фази, ова е последната фаза, отворам претрес директно по текстот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 5 точка 1 алинеја 6, на член 10 став 1 со кој се согласил претставникот на Владата. Тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Аднан Ќахил за менување на член 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот За менвување на член 3, поднесен од пратеникот Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор по амандманот на пратеникот Аднан Ќахил. (Не).

Има збор господинот Аднан Ќахил, а ги молам да се јават само тие што бараа збор за амандманот. Сега дискусијата е по амандманот.

АДНАН ЌАХИЛ:

Предлогот на амандманот е вов рска со судскиот буџет, каде што е ставен долниот лимит од 2% за судскиот буџет. Мојот предлог беШе апсолвиран и на Комисијата за политички систем, но сметав дека со овој амандман ќе овозможиме да функционира судскиот буџет независно од волјата и интересите на било коај гарнитура на владеачка партија.

Всушност, основата за предлагање на овој процент за судскиот буџет лежи во основата и во барањата на судската фела, имено, тие бараат да биде околу 2,8% судскиот буџет. Јас сметав дека треба да има буџет лимитиран со долниот лимит, кој не би требало да биде околу 2%, бифдејки врз основа на согледувањето и досегашниот буџет бил околу 1,65% и со барањето на судиите буџетот да биде 2,8%, ова е едно средно реШение, со тоа што со овој процент ќе се овозможи на некој начин, во смисл ана финансирање, да имаме независно судство, да можат самите судии и судската власт да располага со средства , минимални средства на начин на кој тие ќе проектираат за дадената година. Ако не го направиме тој минимум, во тој

случај се доведува во опасност во иднина некоја Влада, без оглед за која политичка опција се работи, да може на свој начин да ги толкува овие работи и да направи буџет, а впрочем буџетот врз основа на предлогот на судската власт и судскиот совет го донесува и предлага Владата на Република Македонија . Со ставање на долниот лимит, сметав дека тоа ќе се постигне барем во делот на финансирање на независното судство, а не со ставање на горниот лимит, а горниот лимит веројатно ќе зависи од општиот финансиски амбиент во државата. Со неприфаќањето на овој амандман со долниот лимит за финансирање сметам дека се останува исто како што беше порано, освен што проектирањето и предлогот за финансирање на судската власт се дава на Судскито совет, а сепак последниот збор го има Владата, односно проектираниот буџет на Владата и Владата е таа што ќе диктира со колку пари и како ќе работи Судскито совет. Сметам дке ана такво начин сигурно нема да се придонесе за независно судство барем во доментот на финансирањето. Иако независноста на судството не зависи само од финансиските потреби и услови, веројатно еден од предусловите е Судската власт и Судскиот совет барем во овој дел да биде независна. Не би должел понатаму, но со неприфаќањето на амандманот сметам дека пак се враќа состојбата првобитно, затоа што на овој начин во иднина и сега власта ќе има влијание, која определува со каков буџет ќе располага судската власт.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 58 пратеници, за гласале 7, а во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот.

Има збор господинот Жерновски, но по текстот на законот. Значи имате збор за текстот на законот, а не за општа расправа. Таа фаза е надмината, по трет пат е во Ссобраниска процедура. Сега расправаме по Деловникот само по текстот, ако има конкретна забелешка.

(Пратеникот Жерновски се откажа).

Значи никој не бара збор.

Го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 60 пратеници, 59 за и 1 воздржано.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Судскиот буџет.

Преминуваме на Четврттата точка од дневниот ред-Предлог на закон за основање на Агенција ...

Немаме претставник на Владата за оваа точка, па затоа ќе преминеме на наредната.

Предлагам да преминеме на 5-та точа, затоа што тука е присутен министерот за правда.

Преминуваме на Петтата точка од дневниот ред - Предлог на закон за Народниот правобранител.

Предлогот на законот и Извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

И ова е закон кој гор азгледуваме во три фази, а сега е последната фаза.

Отворам претрес по текстот на законот директно.

Пратеникто Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 6 став 1 и 2, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандман на член 9 за бришење на точката 5, по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 11, член 16 став 1, член 24 став 2, член 42 алинеја 3 и на член 46 став 1 и 2, со кои се согласил претставник на Владата. Тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2, член 6 став 1 и 2, член 13 став 2 и 15 и на член 48 став 2 и за менување на став 3 со кој Владата не се согласила, односно не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова, Ристо Бислимовски и Јанаќе Витановски поднесоа амандман на член 44 за менување на став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аднан Ќахил поднесе амандман на член 3 став 3 и за менување на член 15 по кој Владата исто така не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 и 2, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе за амандманот.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА.

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги , почитуван министре,

Амандманот е поднесен врз основа на претходните расправи, односно врз база на расправите во претходните фази и поголем дел од пратениците го поддржаа, иако имаше и спротивни мислења, разработувањето на критериумите за именување на Народен правобранител.

Имено, согласно овој закон се зголемуваат ингеренциите на Омбуцманот односно Народниот правобранител, а во оваа смисла тој има поголеми овластувања во управната постапка, поголеми овластувања дури и во судската постапка.

Водејки се од овие мотиви, а бидејки декларативно веќе подолго време се залагаме за разработка на критериуми, односно зголемвуањето на критериумите како начин за објективизација на вршење на јавни функции, го поднесов овој амандман, со кој се предлага, покрај одредено работно искуство за народниот правобранител, да биде услов за неговото именување и извршување на оваа функција и положен правосуден испит. И, сметам дека со ова се разработуваат критериумите и лично очекував дека во самиот предлог на закон ќе бидат разработени други критериуми со цел да се изврши поголема објективизација на овие критериуми.

Од овие причини барам поддршка за изгласување на овој амандман од колегите пратеници.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој друг не бара збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, за гласале 28.

Молам бројот на присутни да се утврди.

(Службите вршат пребројување на присутните пратеници во салата)

Го поништувам гласањето.

Ве молам да гласаме уште еднаш. Сега имаме 62 во салата, можеме да гласаме.

Ги молам пратениците да седнат на место, го повторуваме гласањето.

Ве молам да гласаме.

Присутни беа 62 пратеници, гласале 45. За амандманот гласале 22.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за бришење на точка 5, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Господин Дарлишта.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали друг се јавува за збор?

Никој не се јавува за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 15. Во салата има мнозинство пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за бришење на точка 5, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Владата не се согласила со тој амандман. Останувате на ставот?

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Не се прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не се прифаќа.

Молам, дали друг бара збор?

Госпоѓа Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Законодавно правната комисија поднесе амандман на членот 2 од причини што потребно беше да се усогласи со уставната терминологија на одредбите од членот. Оставам на пратениците да се произнесат дали ќе го прифатат или не овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58, во салата сеприсутни 65 пратеници, за гласале 20.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6, став 1 и 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Предлагачот не се согласил со овој амандман.

Дали друг бара збор?

Госпоѓа Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Од причини што амандманот поднесен од страна на Законодавно правната комисија е со иста содржина како и амандманот поднесен од страна на пратеникот Зоран Шапуриќ и јасно е дека не помина, го повлекувам овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 13, став 2 и 15, поднесен од Законодавно правната комисија.

Предлагачот не се согласил со амандманот.

Дали друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 8. Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 48, став 2 и за менување на став 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Амандманот на членот 48 од страна на Законодавно правната комисија е поднесен од причини што истиот член треба да се усогласи со Уставот на Република Македонија, каде што е утврден дека Собранието донесува буџет на Република Македонија, со законот за буџетите, а исто така и со одредбите од Деловникот. Ова посебно од причини што во овој дел каде што се регулира финансирањето на народниот правобранител воопшто не е разработена постапката, начинот на донесувањето на буџет и критериумите на изготвување. Оставам на пратениците да одлучат за прифаќање или не на поднесениот амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 41 за, 5 воздржани и 18 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 48 став 2 и за менување на став 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 44 за менување на став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ристе Бислимовски и Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Господин Дарлишта.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Не се прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не се прифаќа.

Дали друг бара збор?

Госпоѓа Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Амандманот на член 44 став 2 го поднесовме од причини што е потребно да се допрецизира постапувањето на замениците на народниот правобранител затоа што вака како што е решението се добива впечаток, односно и така е регулирано дека замениците на народниот правобранител во канцелариите имаат неограничени овластувања практично како да не се под ингеренции на народниот правобранител.

Од овие причини заради допрецизирање сметаме дека треба да се прифати овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 20.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 3, поднесен од пратеникот Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Министерот за правда господин Дарлишта.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 11, во салата има мнозинство пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 15, поднесен од пратеникот Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Не се прифаќа. Благодарам.

Дали друг бара збор?

Господин Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Претседателе, со овој амандман сакаме барем во најмала рака да остане она што беше пракса до сега при работата на народниот правобранител. Во комуникација со народниот правобранител и во процесот на расправа во Комисијата за политички систем и меѓунационални односи, констатиравме дека кај народниот правобранител постои пракса да секој што ќе се обрати со овој јазик и писмо, се со

цел да има подобра комуникација со народниот правобранител може тоа да го оствари. Со она решение што сега се нуди, со другиот член во врска со членот 15, апсолутно јазикот и писмото на другите заедници кои се наброени во Уставот, кои и впрочем имаат право се остава адакта и се користи само принципот да може да се обратат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазиците на другите заедници кои ги има повеќе од минимум 20, или повеќе од 20%. Очигледно дека математиката е посреди и дека другите заедници во Република Македонија немаат од тој процент и очигледно е дека тлоа не може да го користат како свое право. Народникот правобранител е институција каде треба да има поголема ширина во користењето на јазиците на другите заедници. Впрочем, тоа неколкупати го напоменав при моите дискусии во Комисијата за политички систем, така да обраќањето на соодветен јазик е од чисто практични причини. Практични велам затоа што имаме во неразвиени економски делови на Република Македонија луѓе кои недоволно го познаваат македонскиот јазик, или во недоволна мерка може да ги искажат своите чувства и проблеми кои ги имаат во врска со секојдневните проблеми. Мислам дека институцијата народен правобранител треба да ја има таа ширина, да ги прифаќа сите сугестии на соодветен јазик на заедниците кои впрочем тука се наброени со овој амандман, да обраќањето биде на тој јазик, а одговорот на биде на македонски јазик и на друг јазик каде што Уставот им го загарантирал тоа право.

Неприфаќањето од страна на Владата, морам да кажам дека ги става другите заедници во трета или четврта категорија на луѓе, затоа што кај народниот правобранител ако не може да го користи јазикот на заедниците заради своите дневни потреби, јас не знам во која институција и каде ќе може да се зборува и да го користи својот јазик за да си ги решат своите проблеми.

Пак ќе повторам дека институцијата народен правобранител треба во домен на користење на јазиците треба да има поголема ширина, впрочем се работи за можност, значи може по негово барање да го користи својот јазик за да ги искаже своите проблеми. Не се работи за една ситуација каде што ќе ги имаме предвид проблемите кои настануваат со примената на јазикот, бидејќи се работи за дневни потреби, дневни проблеми од кои произлегува потребата на користење на јазикот. Со неприфаќањето на овој амандман дефинитивно и во ситуација каде што би требало да се покаже поголема ширина, тоа не се покажува и за другите, зборуваме за турската заедница, се става категорија, трета категорија на луѓе, по чија имаме една категорија на луѓе на македонски јазик кои се обраќаат, категорија на луѓе кои

имаат 20% и очигледно трета категорија на луѓе кои бројат испод 20%. Мислам дека требаше да се покаже поголема ширина од страна на Владата, а сега е на потез Собранието во вака мешовит состав, барем во овој домен каде што има апсолутно потреба на користење на свој соодветен јазик, а одговорот како што е тука наведен ќе биде на македонски јазик и кирилско писмо, или на јазик каде што е загарантирано уставното право на обраќање на соодветен јазик, неприфаќањето, јас резимирам, морам да констатирам дека води кон апсолутно раслојување на граѓаните и ставање во разни категории на граѓани на Република Македонија во овој контекст.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Почитуван господине претседателе, ценети колеги, почитувани претставници на Владата,

Уште на самиот почеток сакам да напоменам дека со оглед на тоа дека предложениот амандман е со слична содржина со амандманот што јас го предложив на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, кој за жал беше поддржан само од претставниците на помалите етнички заедници, ќе си земам за право да го искоментирам овој амандман и да се обидам да покажам дека амандманот е во согласност со Уставот на Република Македонија и со позитивните законски прописи во земјата.

Имено, став 2 од член 3 на предлог законо, народниот правобранител од својата надлежност ги врши врз основа и во рамките на Уставот, законот и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Ваквата формулација императивно укажува дека меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, се составен дел на нашиот правен поредок и дека одредбите на ваквите договори се обрзувачки за народниот правобранител при вршењето на работите од својата надлежност.

Сакам да потсетам дека и член 118 од Уставот на Република Македонија експлицитно укажува дека меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија се дел од

внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон. Ваквата формулација не само што ги третира меѓународните договори како составен дел на внатрешниот правен поредок, туку и им дава приоритет доколку некои нејзини одредби се во колизија со домашното законодавство. Ова го напоменувам од причина што член 15 кој се однесува на комуникацијата на граѓаните и другите лица со народниот правобранител е во колизија со став 2 од член 10 на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, која што е ратификувана во Собранието на Република Македонија.

Имено, оваа Конвенција е првиот правно обврзувачки мултилатерален инструмент посветен за заштитата на националните малцинства воопшто. Неговата цел е да ги прецизира правните принципи кои што државите се обврзуваат да ги почитуваат за да обезбедат заштита на националните малцинства.

Имено, во коментарот на став 2 член 10 од Рамковната конвенција, која се однесува за употребата на малцинските јазици, во комуникацијата со административните власти се вели: "оваа одредба не ги уредуваат сите односи меѓу припадниците на националното малцинство и јавните власти. Таа се однесува само на административните власти". Сепак, тие власти треба да бидат сватени во поширока смисла на зборот, што го вклучува на пример јавниот правобранител или Омбуцманот. Значи директно се именува јавниот правобранител и Омбуцманот. Водејќи сметка за евентуалните финансиски, административно и технички тешкотии во врска со употребата на малцинскиот јазик во односите меѓу припадниците на националните малцинства и административните власти, оваа одредба беше составена мошне флексибилно, со тоа што на страните им е оставено широко поле на слободна проценка. Притоа, уште се вели дека обврската на страните во врска со употребата на малцинскиот јазик во ништо нема да биде на штета на статусот на официјалниот, или официјалните јазици на односната земја. За жал, ниту ваквата одредба од Рамковниот договор, ниту ваквото прецизно образложение на став 2 од член 10 на Рамковната конвенција не беше земена предвид кога се формулираше член 15 од Предлог законот за народниот правобранител, кој вели: "секое лице во комуникацијата со Народниот правобранител може да употреби еден од службените јазици и неговото писмо, а Народниот правобранител одговора на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмо што го употребува подносителот на претставката". Морам да напоменам дека за разлика од член 14 кој е коректно формулиран, бидејќи се однесува за постапка пред Народниот правобранител во која се користи службениот јазик и писмо и одредбите на општа

управна постапка, кои се однесуваат на употребата на јазиците, членот 15 се однесува на комуникацијата со Народниот правобранител, каде рестриктивниот приод не е во согласност со позитивните законски прописи и каде комуникацијата со Народниот правобранител се мисли овде на писмена комуникација може да биде на јазикот и писмото на припадниците на таа етничка заедница, а Народниот правобранител одговара на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмо што го употребува подносителот на претставката. На Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, ваквиот мој предлог и покрај аргументираното образложение и прифаќањето од страна на Народниот правобранител не беше прифатен од поголемиот број пратеници, освен од пратениците претставници на помалите етнички заедници. Користам прилика од оваа говорница да го истакнам моето жалење за ваквиот рестриктивен приод кон јазикот и писмото на помалите етнички заедници. Меѓутоа, длабоко сум убеден дека во една блиска иднина, во еден период на повисока демократска свест, ќе бидат преформулирани одредбите за употреба на јазиците во комуникацијата со Народниот правобранител. Впрочем, нивната употреба воопшто не оди на штета на употребата на службените јазици во оваа земја. Од таа причина ќе го поддржам предложениот амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Себично би било од моја страна да не можам да придонесам во однос на предложениот амандман од Комисијата на која што сум и член, каде што гласно говоревме за одредени незадоволства и одредени забелешки во однос на овој доста чувствителен амандман.

Јас сум длабоко уверен денес дека членовите на таа комисија кои што се произнесоа дека нашите ставови што се загарантирани со Уставот на Република Македонија  и рамковната определба дека ќе бидат проверени од партиските правни експерти и потоа дека денеска на оваа говорница ќе се произнесат. Длабоко сум уверен дека овој доста чувствителен амандман ќе биде прифатен. Токму на таа релација сакам да го поддржам овој амандман во однос на користењето на малцинскиот јазик за она што е основно, односно фундаментално начело на Уставот

на Република Македонија и на Рамковниот договор. Јас навистина сметам дека одвишно би било после говорот на колегата Кенан и неговата силна аргументација, односно употреба на малцинскиот јазик во дилемата на колегите пратеници дали треба да го поддржат овој амандман или не. Веднаш се произнесувам дека ќе бидам длабоко навреден и ќе го ставам под прашање и сугестија како понатаму со другите заедници во Република Македонија. Во тој интерес сметам дека нема да се гази на ова доста чувствително прашање и чувствителен амандман и во исчекување сум да се прифати амандманот на колегата Аднан.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор. Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници. За гласале 21. Присутни се 72 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот.

Дали некој бара збор по текстот? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник. 60 гласале за и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Народниот правобранител.

**Минуваме на точката 4 - Предлог на закон за основање Агенција за поддршка на претприемаштвото на Република Македонија.**

Предлогот на закон и извештаите на работните тела ви се доставени и поделени. И овој закон е гледан во повеќе фази.

Отворам претрес по текстот на предлог законот.

Комисијата за економски прашања поднесе амандмани на член 8 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на став 4, на член 10 за менување на став 4 и на член 11 став 1 за менување на алинеја 6 и за додавање нова алинеја 7 по алинејата 6 на член 17, член 18 за менување на став 2, член 20 и на член 24 за додавање нов став 5 по ставот 4 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 2, член 10, став 3 за менување на став 5, член 12 став 3, член 13 алинеја 6 и 8, на насловот пред член 15 и на член 15, на член 19 став 1 и на член 21 во воведната реченица, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се исто така составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеничката Лилјана Поповска поднесе амандмани за менување на член 6, член 10 за менување на став 3 и на член 12 став 3 со кој се менува алинејата 2 и за додавање две нови алинеи 3 и 4 по алинејата 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ванчо Стаменков поднесе амандман на член 24 став 4 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6, поднесен од пратеничката Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Има збор г. Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Во врска со амандманот на госпоѓа Лилјана Поповска во целост не можеме да ги прифатиме целиот амандман, бидејќи излегува од концептот на законот, но можеме да прифатиме одредени делови што значат подобрување на овој член. Значи ја прифаќаме првата алинеја, реализација на програмата, координација и развој на мрежа, на институции, за поддршка за развојот на претприемаштвото и развојот на малото стопанство, тоа е од постојниот закон предложен.

Третата алинеја давање поддршка за прием на иновации, воведување современи технологии во малото стопанство, учество во реализација на проектите кои обезбедуваат деловна соработка со партнерство и поврзување на економиите во регионот во ЕУ и пошироко, помагање на интегрирањето на малото стопанство во меѓународниот пазар. Тој дел е од законот кој е предложен денеска и е составен дел на овој амандман.

Не можеме да ја прифатиме следната алинеја соработка со сите релевантни домашни и странски институции, а особено со оние од финансиските сектори и нивно поврзување со претприемачите. Тоа е прашањето на регионалните центри, консултанските организации кои тоа треба да го прават, а не оваа Агенција.

Значи оваа Агенција ќе ги поддржува нив, но врз основа на конкурс - тендери, а не да биде основна задача на Агенцијата. Тој дел не можеме да го прифатиме.

Второ, давање поддршка на самовработување, како и за зголемување на вработеноста, тој дел е поделен односно нашиот предлог на текстот е поделен на две алинеи, заедно со едукација на претприемачите за започнување со водење на сопствен бизнис. Предлагам тие два текста да се спојат. Значи да биде: давање поддршка за самовработување, како и зголемување на вработеноста и едукација на претприемачите за започнување и водење на сопствен бизнис. Тоа е претпоследната алинеја на првата страница. Тоа можеме да го прифатиме. Ја прифаќаме алинејата која значи создавање и одржување база на податоци во врска со стопанските субјекти и пазарните потреби, актуелните трендови во стопанството и друго. Прифаќаме исто така обработка и дистрибуција на пакети информации за различни целни групи корисници. Прифаќаме обезбедување информации за закони и други прописи поврзани со започнување и водење сопствен бизнис. Не прифаќаме давање маркетиншки услуги и изработка на бизнис планови за претприемачите. Тоа треба да биде работа на регионалните центри и на консултанските организации. И натаму не прифаќаме на следната страница поддршка на промотивни активности на претприемачите во земјата и во странство, бидејќи тој проект сега се води во Министерството за економија врз основа на 0,1% кој се издвојува од извозно-увозните активности и последната алинеја ја прифаќаме други работи во врска со поттикнување на развојот со претприемаштвото и конкурентноста на малото стопанство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот го прифаќате со изоставување на алинеите 6, 12, 13 и препрафка на алинеја 7 од ова што го кажувате.

Госпоѓо Поповска дали се согласувате со амандманот, без овие алинеи што ги наброја министерот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Овде се работи за еден одреден друг концепт. Јас се согласувам. Сметав дека и овие алинеи би можеле да бидат дел од надлежноста на една Агенција за поттикнување на претприемаштвото, меѓутоа се разбира, доколку е предвидено тие активности да бидат поддржани од некои други субјекти, се разбира тоа е работа на концепт и го почитувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Можам да констатирам дека предлагачот на законот го прифаќа амандманот на член 6 со тоа што од амандманот се изоставуваат алинеите 6, 12 и 13. Алинејата 7 се интегрира со алинејата од постојниот закон. Можеме така да заклучиме.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 3, поднесен од пратеничката Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот не го прифаќаме со оглед на тоа дека ние предвидуваме во последните 5 години да се има три годишно искуство и од тие прижини можеби амандманот би значел во последните 20 години да има три годишно искуство и мислам дека отстапува од концептот на постојниот развој на економијата во државата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас би сакал само да објаснам зошто е предложен овој амандман. Поради тоа што сметав дека треба да се подигнат критериумите за стручност и компетентност на кадрите во Агенцијата за поддршка на претприемништвото, со што ќе се обезбеди поголема ефикасност во работата на Агенцијата. Со оглед на тоа дека од Агенцијата се очекува во најкраток рок да влијае на намалување на вработеноста преку развојот на претприемаштвото во малото стопанство, раководните кадри и членовите на управниот одбор според мене би требало да бидат максимално стручни, компетентни со соодветно работно искуство. Така што би сакала само да дополнам дека во овие амандмани не е изменето само тоа што се испушта во последните 5 години, туку е исто така сменет критериумот наместо само три години работно искуство да се бара 5 години работно искуство. Значи, сметав

дека на тој начин би се покачиле критериумите, иако ми е прифатлива сугестијата и мислењето на министерот да биде ограничено во последните 5 години. Го прифаќам тој дел. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Друг не бара збор?

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам пратениците да влезат имаме уште две гласања и ќе дадеме пауза.

Преминуваме на гласање.

Поништете го гласањето, нема доволен број пратеници во салата. Ги молам пратениците да влезат во салата за да гласаме.

Сега имаме услови да гласаме.

Ве повикувам да гласаме за амандманот.

Гласале 65 пратеници. За гласале 19.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 3 за менување на алинеја 2 и за додавање две нови алинеи 3 и 4 по алинејата 2 поднесен од пратеничката Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се прифаќа.

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот.

Отварам претрес по амандманот на член 24 став 4 поднесен од пратеникот Ванчо Стаменков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Господин Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Амандманот едноставно само го растеретува текстот на законот, тоа му е и целта. Непотребните зборови кои што се вклучени во алинејата во ставот 4 после зборот Агенција, значи согласно акцијата за организација и систематизација да се избришат. Нормално е дека постои закон за вработување и Законот за работни односи и таму е прецизирано дека секаде се вработува согласно акцијата за организација и систематизација.

Никако поинаку не можат да се вработат луѓето во некоја организација, дали е тоа државна па дури и приватна. Така да, јас не гледам поврзаност некоја со овој закон, на овие зборови кои што се дадени во текстот на законот.

Комисија за екномски прашања - едноставно се работи за недоразбирање. Недоразбирање или пак се сака едноставно матно нешто да се направи во овој текст кој што е додаден на крајот од реченицата. Така да образложението и на министерот на Комисијата му беше дека да го избришеме целиот тој текст на ставот 4, тогаш ќе го прифатиме и ние. Тоа не е никакво образложение, едноставно треба да се носи овој дом овој законодавен дом закони кои што се добри и со кои што едноставно јасно се кажува. А, ние ако почнеме вака за секој закон си донесуваме некои конкретни зборови кои што се составен дел од некој друг закон, тогаш ништо не сме направиле.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласње.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 11 гласале за, констирам дека Собрането не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор по текстот на законот?

Господин Трајановски по текстот на законот.

ГОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Г-дине Претседателе, би сакал јас да дискутирам по текстот на Предлгоот т.е. би сакал да кажам дека ова практично не е втора фаза од донесувањето на законот. Со оглед на тоа што во првата фаза имаме предлог на закон за со сосем по друго име беше од ова, сега се донесува закон за основање на Агенцијата за претприемаштвото. А, претходниот закон беше закон за донесување на Закон за поддршка и развој на малото стопанство и поттикнувањето на претприемаштвото.

Ова го дискутиравме и на Комисијата за економија, значи со овој закон практично од претходниот се издвојува само оној дел кај што се формира Агенцијата за поддршка на претприемаштвото. Мислам дека оваа агенција за претприемаштвото стои во текстот вработените ќе ги преземе од постојната Агенција НЕПА. Тука би сакал да ја фокусирам мојата дискусија, бидејќи мислам дека сега оваа Агенција всушност Националната агенција за развој на мали и средни претпријатија скратено кажано НЕПА, практично со овој закон ја преименуваме во Агенција за поддршка на претприемаштвото.

Мислам дека можеше да се направи една реорганизација или да се зголемат надлежностите на оваа постојна Агенција која работи од 1997 па наваму, мислам дека е формирана со одлука на Влада и наместо да почнеме ние од таму каде што сме запреле, т.е. да го искористиме искуството на оваа Агенција која работи повеќе години, ние веќе на овој начин тргнуваме од почеток. Во новата Агенција за поддршка на претприемаштвото ќе има иста или слична организација со постојната НЕПА, ќе работи во истите простории, во најголем дел ќе бидат вработени истите луѓе кои што работат и во оваа Агенција, и ќе ги има истите регионални центри како што ги има и НЕПА. И, затоа се прашуваме што е овде различно во оваа Агенција за развој на претприемаштвото во однос на националната агенција за развој на мали и средни претпријатија или кратко кажано НЕПА.

Она што сакам да го истакнам е сомнежот дека со формирањето на оваа нова Агенција со преименувањето да не биде доведен во прашање работниот однос на одреден број вработени кои што се таму примени  и, под мотото т.е. под формата дека не се вклопуваат во новата организација и систематизација, односно во организацијата и систематизацијата на Агенцијата за поддршка на претприемаштвото да останат без работа, како што досега имавме голем број на случаи, при што отпуштањата се под оваа форма, демек нивните места не постојат во Правилникот за организација и систематизаца, како што беше во СМС, Фондот за здравство и др.

Едно од образложенијата што беше дадено зошто НЕПА не се надоградува туку се формира нова Агенција е дека НЕПА го загубила кредибилитетот кај странските донатори. Сметам дека ова не е точно, бидејќи оваа Агенција во изминатите години има доволнон аправе. Оваа агенција за развој на мали и средни претпријатија располага со база податоци со комплетно развиени софтверски решенија. Исто така, оваа Агенција има сервисирано микро кредити, добиени од Европската комисија, програмата ФАРЕ во износ од 5 милиони евра. Исто така, сакам да истакнам дека НЕПА одигра голема улога околу интернационализацијата на малите и средни петпријатија во РМ, односно им даде можност на сите заинтересирани и извозно ориентирани претпријатија со потенцијал за соработка со странски партнери да учествуваат на меѓународни форуми. Една од стратешките определби на НЕПА е обезбедување континуирана обука на човечки ресурски како значаен фактор и двигател на развој на  малите и средни претпријатија. Обуката која ја организира и спроведува НЕПА е фокусирана во повеќе насоки, што сигурно им дава голема поткрепа на малите и средните претпријатија. Понатаму, НЕПА има изготвувано и објавувано многу значајни публикации.

Според тоа, сакам да го изнесам мислењето дека на овој начин тргнуваме пак од почетокот и ќе потенцирам дека ќе беше подобро доколку се реорганизираше и се зголемија овластувањата на оваа постојна национална агенција за развој на мали и средни претпријатија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на галсање.

Но пред тоа, министерот за економија бара збор.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Би сакал да не остане без одговор поставеното прашање. Тоа го дискутиравме на Комисијата за економска политика. Се работи за сериозни разлики меѓу НЕПА и Агенцијата за поддршка на претприемаштвото.

Да потсетам дека во изминатите 10 години постојано насоката на владите беше како да се развие малото стопанство. Во 1997 година формирана е НЕПА, во меѓупериод се дадени овластувања и можности одредени донации и финансиски средства да ги финансира Агенцијата. Во тоа, таа дојде во сротивност со потребите на развојот на малото стопанство, односно, повеќе се насочи кон делот на одобрувањето на тие кредити.

Значи, сите заеднички мораме да констатираме дека во овој период, за жал, не дојде до развој на малото стопанство во РМ, за што беше основана НЕПА.

Второ, статусот на НЕПА е трговско друштво основано со одлука на Владата, која има многу лабави врски со политиката на Владата. Мислам дека во тој дел Агенцијата за поддршка на претприемаштвото се засилува, таа се донесува врз основа на закон и надлежностите се определуваат со закон и врските со надлежните министерства надлежните министерства и Владата на РМ. Практично, статусот на трговско друштво го намалува просторот за избегнување на субјективните слабости кои се појавуаат во минатото. За жал, голем број на донатори и кредитори, за жал своите средства ги повлекоа и ги внесоа во Македонската банка за развој, од причини на субјективните слабости внатре во самата Агенција, НЕПА и тоа е еден од сериозните проблеми на НЕПА.

И следното што би сакал да го кажам: досегашното финансирање на НЕПА беше прекуагенцијата за приватизација од средствата за приватизација. Значи, ние сега ја укинуваме Агенцијата за приватизација. Финансирањето на Агенцијата за поддршка на претприемаштвото врз основа на закон треба да биде основ на програми, кои треба да бидат донесени и врз основа на тоа, на тие програми треба да се цени успешноста на работата на таа нова Агенција, а таа нова Агенција врз основа на тие средства што ќе ги дава врз основа на конкурс, ќе ја цени успешноста на регионалните центри на консултатнтските организации. Значи, се создава еден цел круг на одговорност, еден спрема друг. Во тој правец, мислам дека оваа агенција би требало да значи подобрување на состојбите преку на малото стопанство и поддршка на претприемачите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 63 пратеници, 53 гласале за и 10 воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за основање на Агенција за поддршка на претприемаштвото во РМ.

Почитувани колеги, ќе продолжиме во 15,00 часот.

(Пауза од од 14,05 до 15,30 часот.)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,30 часот.)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

**Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за трговија.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господин Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Би сакал со неколку зборови да укажам на одредени работи што се однесуваат на Законот за трговија на Предлогот за донесување на закон за трговија, за дел од тие работи зборував на Комисијата за економски прашања и се извинувам на членовите на Комисијата  како дел од предлозите што таму ги имав, ги повторам но со оглед на тоа што е потребно во оваа фаза на донесување со конкретни предлози, забелешки на седницата да ги изнесам. Затоа во кратки црти би се осврнал на нив.

Прво, сметам дека не само јас него и пртеничката група на Либерално-демократската партија, смета дека се нуди едно квалитетно законско решение за решавање на една и те како важна стопанска област во Република Македонија и со оглед на значењето кое што го добивме посебно во последниве години за пофалба се напорите на Министерството за економија кое што на ваков начин и предлага да се разрешат овие, да се разрешат прашањата од областа на трговијата.

Она што посебно сакам да го истакнам во оваа расправа и на која што сметам дека е потребно да се посвети посебно внимание тоа е на еден дел од Законот за трговија и тоа во оној дел каде што е трговијата на мало, односно продажбата на стоки на пазарите на мало, или како што ние ги велиме зелените пазари и пазари за продажба на земјоделски производи.  Имено тука посебно сакам да го отворам прашањето и да посветиме внимание на оние таканаречени кои што ние ги викаме улични продавачи или продавачи кој што можеме да ги сретнеме на секое ќоше, на секој дел на Република Македонија и кои што од една страна и тие имаат проблеми со пазарните инспекции и другите надлежни инспекции од друга страна и надлежните инспекции имаат проблеми со тие таканаречени улични продавачи. Се вртиме во еден круг кој што постојано последниве години посебно од 1997, 1998 година наваму постојано се вртиме во круг околу решавање на тој проблем во сите градови на Република Македонија и сепак на крајот останува нерешен.

Имено, сметам дека тој проблем со таканаречените улични продавачи и продавањето на стоки на било кои места во градовите во Република Македонија може само делумно или само еден дел да се реши со предлогот на законските решенија  кои што се предложени во Законот за трговија и тој проблем можеме да го разрешиме во еден меѓуресорски начин на согледување на проблемите помеѓу Министерството за финансии и Министерството за економија, Министерството за земјоделство и на крајот да тие заеднички ни предложат законски решенија како да го надминеме тој проблем. Бидејќи ако за дел по однос на условите и начинот за продажбата на стоки на пазарот кој што се регулирани во Законот за трговија останатите делови кои што се однесуваат на овие продавачи, а тоа е проблемот на готовинските плаќања или таканаречената фискализација, проблемот кој што подоцна ќе се јавува при продажбата на зелените пазари по однос на регистрацијата на овие продавачи и проблемот на оданочувањето се во рамките на други министерства и надлежни институции. Онака како што сега е даден, мислам она што е фактичка состојба ние мораме да појдеме од тоа дека имаме голем број на тие продавачи кој што се ситни продавачи, мали продавачи и од тој аспект ако им бараме регистрација онака како што сега е законската регулатива која што е постоечка во Република Македонија, ние и понатаму ќе имаме проблем, бидејќи тие ќе неможат да се регистрираат како трговци да регистрираат дејност, а од друга страна пазарните инспекции ќе ги гонат и на крајот ќе се бркаме по улици нон-стоп во Република Македонија и нема да имаме на крајот никакво решение. Затоа мојот прв предлог по однос на ова прашање дека е Министерството за економија, министерот за економија да биде тој кој што ќе ја покрене иницијативата и заднички со останатите надлежни институции и министерства овој проблем еднаш засекогаш во Република Македонија го решиме и најдиме едно решение кое што би ги задоволило и потребите на тие луѓе кој што во најголем дел се јавија како трговци, како продавачи, како резултат на социјалната положба на граѓаните на Република Македонија и навистина ќе се најдеме во една несакана состојба ако продолжиме и понатаму да се бркаме низ улиците со таквите продавачи.

Сега конкретно на законските решенија кои што се предложени во овој закон имам неколку предлози во фазата на Предлогот за донесување на овој закон кој што сметам дека Министерството за економија понатаму ќе ги разгледуваат и во фазата за конечната верзија на Предлогот на закон ќе ни предложат адекватни решенија.

Првото се однесува на член 13 од Законот и во овој член е предвидено дека на зелените пазари може да се врши само продажба на земјоделски производи и

цveќe и во вториот став и третиот се однесува на посебно организирани пазари или делови на зелените пазари на кој што може да се врши трговија на мало на галантерија, бижутерија, текстил, чевли, електро и водоводни материјали и кнги.

И третиот став на посебно организирани пазари може да се продаваат стари моторни возила, стари автоделови, стари предмети и добиток.

Се извинувам што целосно го прочитав онака како што е предлогот, но со оглед на тоа што сметам дека е потребно одредено дополнување на овој член, затоа и го прочитав. Сметам дека вака како што е даден член 13 во Предлогот за донесување на законот за трговија ќе предизвика последици во начинот на организирањето и продажбата на стоки на зелените пазари.

Првиот проблем со кој што ќе се соочиме сметам дека е премногу стеснет во однос на претходните решенија на постоечкиот закон за трговија кој што е, каде што мислам дека на подобар дел, на дел од стоките кои што беа дефинирани за продажба е подобро да се изнесат во член 13, бидејќи ќе дојдеме до ситуација да пазарната инспекција, тоа го реков и на Комисијата за економија и организаторите на зелените пазари да постојано доаѓаат во конфликт. Бидејќи не точно можеме да знаеме што е дефиницијата што опфаќа дефиницијата на земјоделски производи, бидејќи неможеме да знаеме дали еден производител на метли, кој што произведува метли која што не е никаква фаза на некоја доработка, преработка или бог знае што кој што постоечки се продаваат на пазарот, овака како што е сега дадено ова решение на пример, тие понатаму не ќе можат. Затоа сметам дека прво треба да се дефинира поимот што Законот, односно што законодавецот подразбира под земјоделски производи, за да може после да имаме строго детерминирани термини кои што нема да предизвикуваат забуна во практичната реализација.

Понатаму, во овој член сметам дека треба да се дополни после земјоделски производи, да се додаде и нивни преработки, маслинки, лековите растенија, грнчарски производи, метли, производи од трска, прачки, народни ракотворби, перјасти животни и украсни птици, зајаци, расад и садници, зрнасти производи, цвеќе и јајца. Ако вака го дефинираме точно ќе ги одредиме производите кои што можат да се продаваат на зелените пазари и ќе немаме несакани последици.

Понатаму, сметам дека во овој член треба да се додаде уште еден став кој би гласел на посебно организирани делови на пазарите кои исполнуваат технички и санитарни услови може да се врши продажба на млеко и млечни производи, риба, кори, кадаиф, мед и медарски производи. Овие се производи кои што и сега се продаваат на зелените пазари, али се продаваат на определени места кои што

исполнуваат одредени санитарни и технички услови и сметам дека овие производи и понатаму треба да се дозволи да се продаваат на зелените пазари, бидејќи не се некоја висока фаза на производство или на обработка од страна на продавачите на вакви производи.

Во вториот став каде што е предвидено што може да се продава на посебно организирани пазари сметам дека после зборот “водоводни материјали” да се додаде: “пазамантерија, базарска стока, производи за домашни потреби, училишен прибор и книги, козметички, тоалетни препарати, детски играчки, стоки за општа намена и обувки”. Овде е даден, предвидено е зборот чевли и сметам дека неадекватен збор е, бидејќи обувките опфаќаат еден поширок поим, подразбира и дел на производи кои што веќе се продаваат на пазарите а кои што не спаѓаат во класата само на чевли.

И на крајот сметам дека треба да се дополни и третиот став, каде што вели дека на посебно организирани пазари можат да се продаваат стари моторни возила, стари автоделови, стари предмети и добиток, треба да се дополни со “стари алишта, сточна храна и дрвена граѓа”.Бидејќи сточната храна и онака ја има на пазарите што се врши продажбата на добиток.

И уште еден став да се додаде во член 13 каде што вели дека на посебно, кој што би гласел: “на посебно организирани делови на пазарите може да се врши продажба на земјоделски производи од возила”. Тоа се во одредени термини. Тоа се подразбира кога имаме сезона на земјоделски производи во Република Македонија кога навистина одредени производители имаат големи количини за продажба на земјоделски производи, на пример како што се лубеници, дињи, незнам тие такви производи многу тешко ќе можат да се продаваат на пазарот на тезга. Една тезга која што е на пазарот од 200, 300 килограми лубеница неможе повеќе да се продава, а сепак се работи за кабаста стока која што би требало да се дозволи на ваков начин.

Следното прашање кое што сметам дека заслужува внимание тоа е членот 15 кој што го регулира прашањето на кого можи трговецот кој организира пазар на пазарите на кој што се врши трговија на големо и мало да ги издава продажните места. Онака како што е овде преддвидено  продажните места се издаваат само на земјоделски производители, трговци и занаетчии кои што се регистрирани во соодветниот регистар. Сметам дека оваа рамка е многу тесна и дека на ваков начин мислам дека нема да дојдеме до решение и ќе ни се јават проблеми кои што

понатаму ќе ни се јават во праксата. Бидејќи се јавува проблемот, во Македонија има многу мал број на регистрирани земјоделци, тоа е првото прашање.

Второто прашање, имаме земојделци кои што земјоделството му е споредна дејност или дополнително се занимава со производство на одредени земјоделски производи и трето, оние кои што произведуваат земјоделски производи за сопствена исхрана со вишокот на производи кој што ќе им се јави сепак треба негде да се пласираат. Ние неможе за незнам за 100 килограми праски некој ако продава му останале па сега ние да му бараме кога ќе излези на пазарот да биде регистриран земјоделец. Или пак тој ќе треба да ги фрли тие во некоја река за да, бидејќи ние вака како што е дадено не му дозволуваме да врши продажба. Затоа сметам дека овој член треба тесно да биде поврзан и можеби и бара измени и во законот кој што е за земјоделско земјиште по однос на тоа дефинирање на земјоделските производители, и дека може да произлезе иницијатива заеднички Министерството за економија, Министерството за земјоделие да покренат иницијатива за измена, за точно дефинирање на земјоделските производители. И сметам дека овој член може да гласи и ви предлагам да гласи, после делот каде што продажните места се издаваат само наместо постоечко решение да стои регистриран земјоделец, земјоделски производител, евидентиран во министерствата за земјоделие, земјоделци од мал обем и лица кои што имаат земја под закуп и концепција од државата, општината и од зејоделци и земјоделски задруги, трговци или занаетчии кои се регистрирани во соодветниот регистар. Со ова мислам дека ќе се даде доволна ширина и конечно ќе се законски регулираат прашањата и проблемие кои што се случуваат на пазарите во Република Македонија, бидејќи ако добро го погледаме законот, на крај каде што се казнените одредби, казните се прилично високи за оние кои што организираат пазари на мало или таканаречените зелени пазари. Вака како што е предложено јас од сопствено искуство четиригодишно како раководител на пазарот во Битола, ви кажувам дека вака како што е предложено овој закон по однос на зелените пазари ќе биде неприменлив, или пак ќе се доведеме во ситуација да ги затвориме пазарите во Република Македонија.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој повеќе не бара збор.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри,

Донесувањето на овој закон за трговија несомнено носи некои нови решенија во регулирање на трговијата на мало и трговијата на големо. Меѓутоа, мислам дека е потребно да се обрне внимание и на следните аспекти.

1.Со законот се врши определување трговија на големо и трговија на мало исто така регулирано е дека трговијата на големо врши продажба на стоки на трговија на мало, за понатамошна продажба на преработувачките и  на големите потрошувачи. Меѓутоа, заради целосно разграничување на трговијата на големо и трговијата на мало потребно е закнодавецот да предвиди и исклучива забрана, трговецот на големо да не смее да врши продажба на стоки на физички лица, односно крајни потрошувачИ. На тој начин двата вида на трговија на големо и мало ќе го најдат вистинското место и ќе се исклучи меѓусебната конкуренција, ќе допринесе до развојот на трговијата на мало и секако ќе се намали даночната евазија и сивата економија.

Во досегашната пракса, трговците на големо преку своите продажни објекти вршат продажба на стоки и на физички лица, на крајни потрошувачи, со што директно ја загрозуваат работата на објектите на трговијата на мало. Истовременот дел од трговците на мало, користејќи ја оваа можност, набавува стока од продажните објекти, од трговијата на големо како и физички лица, крајни потрошувачи, а потоа истата стока преку своите продажни објекти ја продаваат на вистински крајни потрошувачи без евидентирање на таа продажба, бидејќи за таа стока не поседуваат валидни документи за набавка. На тој начин непостоењето на таква забрана и двата вида на трговија во заедничка спрега допринесуваат до даночно затајување и развој на сива економија.

Со пресечувањето на евиденцијата на продажбата, контролата од страна на инспекциските органи е оневозможено од аспект дека уште при првата проджба од страна на трговијата на големо истата стока е неменета за крајна потррошувачка, а не за вистинска намена. Препродажба преку трговијата на мало. Со постоењето на таква забрана контролата на продажбата и набавката на стоките од страна на инспекциските органи ќе биде поефикасна, бидејќи може да се врши следено на стоките од нивната крајна потрошувачка, додколку трговијата на големо продава стоки исклучиво по понатамошна продажба, со издавање на фактури на трговците, преработувачите и другите потрошувачи.

2. Законот предвидува исполнување на минимално техничките услови, кој трговецот треба да ги исполни за обавување на својата дејност, меѓутоа, со Законот, трговецот исполнувањето на условите предвидени во член 22 и 23 од Законот е должен да ги пријави до Државниот пазарен инспектор 15 дена пред почетокот на работата. Значи, Законот предвидува трговецот сам да си одлучи за исполнување на наведените

услови. Досегашната пракса налагаше исполнувањето на минималните технички услови од страна на трговецот да ги уврди надлежните инспекциски органи. Добро решение е исполнувањето на условите, да ги утврдува единствено пазарниот државен инспекторат, врз основа на поднесено барање од трговецот и за тоа да донесе решение со кое трговецот може да отпочне со обавување на својата дејност.

Истото решение Државниот пазарен инспектор би требало да го достави до органот на локалната самоуправа.

Со кои таа ќе врши евидентирање на важните и деловни објекти на трговците на својата територија. Ваквата евиденција на локалната самоуправа ќе и биде потребна за стекнување  на сопствени приходи од комунални такси за истакнати фирми. Обезбедување на статистички податоци за состојбата и планирање и развој на локалната самоуправа. Како и за вршење на надзор во доменот на нејзината надлежност предвидени и утврдени со овој закон.

Трето, Предлогот на законот предвидува трговецот да води евиденција за извршената набавка и продажба на стоките. Формата и содржината на таа евиденција ќе ја пропише министерот за економија. Меѓутоа, од една страна употребата на супстицираната опрема во продажните објекти на трговецот, секако треба да ја замени потребата од рачно водење на евиденцијата во вид на трговски книги. На тој начин ќе се намали и административната работа на самите трговци продавачи.

Досегашната практика покажа дека евиденцијата во трговијата во вид на трговски книги не соодветствува со реални износи на набавката и продажбата и се води заради задоволување на потребите на пазарната инспекција, предвидени во претходниот закон.

Мислам дека е потребно трговецот да поседува документи за извршената набавка на стоки, односно приемни листи или калкулации за утврдена продажба, цена врз основа на фактури кои ќе ги содржат сите основни податоци и вредноста на набавената стока. Сите изготвени документи врз основа на  влезни фактури трговецот ќе биде должен да ги евидентира во своето книговодство, со што ќе се одбегне можноста за неевидентирање на набавката , а ќе се овозможи паралелна контрола со споредбата увид кај добавувачите. На тој начин  надлежните инспекциски органи многу поефикасно ќе можат да си ја завршат својата контрола отколку  само во увид во било каква евиденција на набавката што би ја пропишал министерот за економија. Во продажниот објект доволно е трговецот да поседува само приемни листови или калкулации за извршената набавка на стоката која се

наоѓа во неговиот продажен објект. Извршената продажба трговецот е должен да ја евидентира со фактури или заверена фискална сметка кои ќе бидат евидентирани во неговото книговодство. Наведената обврска произлегува и од Законот за регистрирање на готовинско плаќање и на тој начин истата само ќе се имплементира и во Законот за трговија, со што на некој начин и инспекциските органи ќе опфаќаат конрола на приемната фискална апаратура. За регистрирање на готовинското плаќање во продажните за објекти, пред се кај трговецот на мало. Во тој контекс би напоменал дека од моја страна до министерот за економија како пратеничко прашање беше поставено и потребата од водење на трговски книги согласно претходниот закон, за што ми беше одговорено дека со новиот закон ќе се види дали е потребно или не водење на таква евиденција. Очигледно дека предлагачот во тој поглед не предвидел ништо ново. Заради целосно следење на продажбата на стоките во соодветните количини до крајниот потрошувач, трговецот на големо потребно е да води материјална евиденција во или за продажниот објект. Ваквиот начин на евиденција на набавката на продажбата на стоките кај трговецот би ги исполнил и барањата за евиденција пропишани согласно Законот за додадена вредност, односно евиденција на влезниот данок врз основа на извршената набавка и долговиот данок врз основа на извршената продажба на стоки, со што истата евиденција ќе биде меродавна и во функција на даночните инспектори од Министерството за финансии. Целокупната евиденција трговецот ќе ја обезбедува во своето книговодство, а контролата би можло веродостојноста да ја провери и книговодствено. Од друга страна на тој начин ќе се изедначат во водењето на трговските евиденции трговците и вршителите на угостителската дејност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот по Предлогот за донесување на закон.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за трговија

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на самата седница на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се доставaт до Владата на Република Македонија и Министерството за економија.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 64 за и 3 воздржани.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Шеста точка - Предлог за донесување на закон за ратифиација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и државите на ЕФТА, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕФТА државите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника, сите гласале за

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор по текстот на законот? (Никој не бара збор).

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Македонија и ЕФТА државите.

Осма точка - Предлог за донесување на закон за угостителска дејност.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господин Апостолов Петар.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

На почетокот сакам да нагласам дека добро е што предлагачот го предлага донесувањето на овој закон во две фази, се со цел забелешките што ќе бидат изнесени на оваа седница ќе бидат сигурно сериозно разгледани а некои и изградени во Предлог-законот.

Потребата за донесување на посебен закон за угостителство а посебен за туризам беше неопходна бидејќи така ќе се добие поголема операционализација на двата закона, и моите забелешки ќе бидат во тој правец. И овој закон е еден од низата закони кои се во функција на децентрализација на власта, односно одделни надлежности ќе се пренесат на локалната самоуправа. Со тоа би се помогнало и поедноставило во одделни области вршењето на угостителската дејност. Во мојата дискусија ќе имам општи забелешки на Предлогот за донесување на закон за угостителство и посебно забелешки на одредени членови.

Би започнал со работното време, бидејќи сметам дека тоа е доста осетлив дел, не само за угостителските работници туку и за самото население, но се разбира за вторите од сосема друг аспект. Мојот предлог би гласел. Угостителските објекти за исхрана, без разлика на видот на објектот да работат од 07 до 23 часот. Во деновите петок, сабота, деновите спроти празничните денови и празничните денови од 07 до 24 часот. Во период од 1 јуни до 31 август и во период од 15 декември до 15 февруари угостителските објекти за исхрана да работат од 07 до 01 часот наредниот ден. Работното време е многу чувствителен дел од законот. Затоа треба добро да се разгледаат сите предлози бидејќи при практичната примена на законот и угостителските работници и самите инспектори да не ги ставаме во дилема. Еве еден таков конкретен пример. Угостителските објекти за исхрана кои се во состав на

угостителските објекти за сместување можат да работат според Предлогот за донесување на закон од 00 до 24 часот. Дали и за летната бавча која е во состав и претставува заедничка целина со угостителскиот објект за исхрана и сместување ќе се применува истото работно време. Таа е дилема. Ако се применува истото работно време, тогаш постои нелојална конкуренција према угостителските објекти за исхрана.  Сметам дека членот 19 и 20 не се добро обработени, односно поделбата не е адекватна. Мојот предлог во однос на таа поделба би гласел.

Угостителските објекти можат да бидат: прво угостителски објекти за сместување, таму немам никаква забелешка, второ, угостителски објекти за исхрана и трето, ново што мислам дека треба да биде вградено угостителски објекти за забава, така да членот 20 доста би се изменил и би гласел вака: угостителски објекти за исхрана се делат на

1. Ресторани, гостилници, печењарници, ресторан за замопослужување, експрес ресторани, киосци, млечни ресторани, ресторан бавчи, летни бавчи, кебапчилници, слаткарници, бистроа, пицерии, кафеани, пивници, крчми и сл.

2. Кантини   и

3. Други угостителски објекти за исхрана.

И трета поделба која што е нова, која би гласела угостителски објекти за забава се делат на барови, ноќен бар, кафе бар, кабаре, кафетерија, диско клуб, диско клуб на отворен простор и сл.

При наведувањето на сите овие угостителски објекти никаде не ја спомнав бурекчилницата како  угостителски објект, бидејќи сметав дека на бурекчилницата не и е овде местото туку во занаетите, каде што и работното време е поинакво. Прв пат бурекчилницата се класифицира во овие објекти за исхрана со Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителска и туристичка дејност “Службен весник 38 од 2003 година”. Зборувам за бурекчилници во права смисла на зборот каде што освен буфрек и јогурт друго ништо не се продава, а не и за оние кои освен горе наведените артикли продаваат и разни пијалоци, било да се топли или ладни. Исто така треба да се има во предвид и практичниот дел на бурекчилницата, затоа како што занаетчиска работилница би работела од 0 до 24 часот, а со тоа и луѓето, посебно оние  кои работат ноќе би можеле да ги користат нејзините услуги.

На крајот би се задржал на уште една моја забелешка, која се однесува на вредноста на одобрението, односно лиценцата на диско клуб кој е во предлогот 7.500 евра, се разбира во денарска противвредност. Сметам дека треба да се прави разлика на диско клубови кои работат цела година и диско клубови кои работат

сезонски. За сезонски се применува цена од 13 од овој предлог за донесување на закон каде што се сезонски се сметаат угостителските објекти кои работат непрекинато најмногу пет месеца во текот на годината, во текстот пишува најмалку, мислам дека е печатна грешка. Се разбира и цената би била различна за добивање на лиценца. Не мислам дека овие мои предлози се најпаметни, но сметам дека предлагачот треба да ги разгледа сериозно бидејќи основна цел при предлагањето на овие промени во Предлогот за донесување на закон ми беше всушност и практичната примена на законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Прешовски.

КОСТА ПРЕШОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Со внимание го разгледав Предлогот за донесување на закон за угостителска дејност и во целост ги прифаќам причините за донесување на овој закон, основните начела врз кои се засновува законот и целта што се сака да се постигне со овој закон.

Со новиот закон за угостителска дејност по мое мислење нема повеќе да се тапка во место, бидејќи со него се прецизирани многу работи што биле занемарени со претходниот закон во кој угостителската и туристичката дејност биле споени, а сега се раздвоени. Со тоа што грижата за развој на угостителството и проблемите од таа сфера ќе се решаваат на локално ниво. Убеден сум дека ќе се обезбеди напредок во оваа сфера. Ќе се задржам на содржината на текстот на предложениот закон за угостителса дејност, со посебен осврт на некои мои согледувања.

Прво, во членот 13 се вели дека угостителската дејност се врши сезонски доколку угостителските објекти работат непрекинато најмалку пет месеци во текот на годината. Мислам дека ова решение не е најпогодно и предлагам. Угостителската дејност се врши сезонски доколку угостителските објекти работат најмалку пет месеци во текот на годината со претходно утврдување на периодот, односно периодите на работењето, а не непрекинато како што се предлага. На пример, да се даде можност угостителскиот објект да работи само во зима или само во лето или

дел во зимскиот и дел во летниот период, односно во период кој е најпогоден за угостителот.

Второ, посебен интерес ќе предизвика понуденото работно време на угостителските објекти регулирано со член 14. Предлогот за работното време понудено со законот во значителен дел по мое мислење е прифатлив за сите видови на угостителски објекти, но сепак предлагам угостителските објекти од став 2 на член 14, т.е. угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на објектот, во деновите петок, сабота и деновите спроти празничните денови и празничните денови да може да го продолжат работното време за еден час од предвиденото. Овој предлог го давам од причина што со Предлог-законот е извршена категоризација на угостителските објекти според возраста на посетителите и според услугите што се нудат. Исто така мислам дека посебно треба да се определи работното време на кафулињата и објектите за брза исхрана. Инаку добро е што е дадена можност угостителот самостојно да го определува работното време на угостителскиот објект согласно член 14. Според своите деловни интереси и традиција на подрачјето и притоа распоредот на работното време го пријавува на надлежен орган на единицата на локалната самоуправа за што се води и соодветна евиденција. Прифатливо е тоа што со овој закон се регулира и бројот вработените, во зависност од одреденото работно време на угостителот, односно со понудениот Предлог за донесување на закон од оваа сфера се вметнати одредби со кои се заштитуваат правата на вработените во угостителството, т.е. се задолжуваат вршителите на угостителска дејност да вработуваат лица доколку работат во повеќе смени.

Трето, во членот 21 став 5 од Законот стои: “за добивање лиценца угостителот е должен да плати надоместок”. Тоа е сосема во ред, но линеарниот износ за плаќање е неодржлив. За оние угостители кои имаат поголеми објекти, сумата може да е прифатлива или оправдана. На угостителите со кабареа, ноќни барови или диско клубови со помала количина не. Затоа предлагам , одредување на износ кој ќе се пресметува по квадратен метар и така да се дојде до одредување на реална висина на надоместок за добивање на лиценца.

Четврто, во член 24 се зборува за категоризација на објектите што секако не доближува до европските стандарди. Ќе бидеме уште поблиско до тие стандарди ако се направи категоризација и на плажите. Со тоа туристите ќе имаат целосна претстава за туристичката понуда. Од друга страна тоа ќе стави крај на урбаното дивеење и узурпирање на плажите.

Петто, би се задржал на делот што го регулира издавањето на соби и станови од страна на граѓани. Така во член 44 се вели дека граѓанинот ги издава, куќите, собите, апартманите и становите за одмор, преку туристичка агенција , туристичко биро или турговско друштво регистирано за вршење на туристичка или угостителска дејност врз основа на договор. Мислам дека ваквото решение не е во целост прифатливо бидејки се прашувам, што ако институциите не сакаат да склучат договор со граѓанинот, или во местото нема таква институција или тој има деловна способност сам ефикасно и брзо да си ја заврши работата од тој домен. Затоа предлагам да се даде можност на граѓаните да издаваат соби, апартмани и т.н. и без посредство на наброените институции. Со водење на книга на гости која ќе биде контолирана од соодветна институција. Исто така граѓанинот при тоа е должен да поднесе пријава до надлежен орган во локалната самоуправа, подрачната единица на управата за приходи, финансиската полиција и т.н. Пријавата ќе ги содржи одредбите што се однесуваат и за договорот даден во член 45 од предложенито закон, без точка 6 со кој се регулира износот на посебничката провизија.

Шесто, предлагам во глава 2, точка 8 вршење на услуги и сместување и исхрана во куши, станови и соби за издавање од страна на граѓанин.

Точка 9 - Угостителски услуги во селски домаќинства.

Покрај другото да се даде можност во подготовката и послужувањето на јадење, пијалоци и напитоци и самите туристи. Да се прошири лепезата на угостителски услуги во зависност од традициите на соодветното подрачје.

Помина времето на еден крут терк веќе виден кога туристот беше задоволен, на пример да пробат Крушевска пита, сега тој ќе биде по задоволен ако учествува во нејзиното правање и притоа задоволувајки ги пропишаните минимално технички и санитарно здравствени услуги.

Седмо, исто така предлагам измена повеќе од техничка природа т.е. во глава 2, точка 3-работното време на угостителските објекти да стане точка 4, а точката 4 - назив и видови на угостителски објекти да биде точка 3.

Ова го предлагам од причини што мислам дека прво треба да се дефинираат називите на угостителсктие објекти во законот според видот на угостителските услуги, а потоа да се зборува за нивното работно време, категоризација и т.н.

Поради сето ова што го кажав ќе го подржам предлогот за донесаување закон за угостителска дејност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Паљошковски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувнаи колеги, почитувани министри,

Законот за угостителска дејност носи некои нови решенијаод интерес на регулирање на угостителската дејност, меѓутоа мислам дека е потребно да се обрне внимание и на следните аспекти.

Прво, наместо предложенито член 5 од Законот мислам дека подобро решение би било исполнувањето на условит еод член 5 од Законот пред отпочнување со работа заради надминвуање на субјективноста на угостителот. Наместо самито да пријавува до државниот пазарен инспекторат подобро решение би било угостителто да поднесе барање најмалку 8 дена пред почетокот на работа на пропишан образец до државниот инспекторат.

За утврдување на исполнување на предвидените минимални технички услови по утврдувањето на исполнетост на условите предвидени со овој закон државнито пазарен инспекторат да донесе решение со кое се овозможува отпочнување со работа на угостителот.

Истото решение државниот пазарен инспекторат да го достави и до органот на локалната самоуправа според местото и седиштето на објектот на угостителот по што тој се запишува и во регистерот на вршители на угостителска дејност во локалната самоуправа. На тој начин државнито пазарен инспекторат и органот на локалната самоуправа ќе ги евидентираат само тие објекти кои стекнале дозвола односно решение за исполнување услови за работа.

Второ, законот предвидува категоризација на угостителски објекти, меѓутоа угоститлите се должни на пропиШан образец да достават барање за категоризација. Заради поедноставување на процедурата до отпочнување со работа на еден угостителски објект од голема помош на угостителите ќе биде ако сит епотребни документи согласно со овој закон за добивање дозволи за работа ги достават на едно место, на еден шалтер, а понатаму службите сами ги презимаат според своите надлежности.

Во тој контекс мислам дека добро би било кога угостителто заедно со барањето за исполнување на условите од член 5 од овој закон го достави и барањето за категоријазија на едно единствено место истовремено.

Наведеното решение за посебни доставувања на барањата за категоризацијата може да остане само за угостителите кои својата дејност веќе ја обавуват согласно претходниот Закон за угостителство.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Стојановски.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван господин претседател, почитуван господин министер, почитувани колеги,

Јас ја поздравувам иницијативата да се донесат два оделни закони. Кога ги разгледувавме измените и дополнувањата на Законот за угостителско-туристичка дејност реков дека Македонија има инспирации да стане туристичка земја и туристичка велесила. Во таа смисла мора да направиме напор да се нормира посебно таа дејност и еве сега ги имаме тие два закони за угостителска и туристичка дејност оделно.

Некои ставови што беа искажани од моите колеги не би ги повторувал овде, само би подвлекол дека  Министерството, Владата се нашла во предлагањето на измените односно регулативата за работењето на угостителските објекти  во еден расцеп. Од една страна да ги задоволи барањата на угостителите да обезбедат поголем профит, од друга страна да им овозможи на некој начин да го апсорбира слободното време на младите, па тие подолго време да останат во кафулињата.

Ставот на пратеничката група на ЛДП за нив да се овозможи работно време до 23,00 часот. Можам да дадам и поширока елаборација ако треба зошто е потребно за младите да не биде подолго од 23,00 часот бидејки тоа е време кога се тие надвор од  секаква контрола, семејна , училишна и било која друга и  најголем број социјално девијантни појави се случуваат токму во касните часови, зголемена е комнсумацијата на алкохол, а познат е фактот дека последните десетина години енормно порасна бројот на млади кои што консумираат дроги. Во таа смисла ова би било на некој начин и превентивно делување против таквите девијантни појави. Тоа е едната работа за која што барам да се преобмисли времето на работење на угостителските објекти. Тоа е став и на мојата пратеничка група ЛДП.

Второ, овде ми падна во очи, незнам дали сум во право каде што се бара да се одреди категоризацијата на угостителските и туристичките објекти, а не е даден рок. Јас сметам дека би требало да се определи за колку време треба да ја извршат таа категоризација. Да се знае дали е тоа објект со една, две, три, четири или пет ѕвезди, во смисла да нема забуна, бидејки тоа ќе биде многу значајно за нашиот туризам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за угостителска дејност.

2,.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата.

3.Овој заклучок заедно со извештаите од работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието ќе се достави до Владата и Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници и сите гласале за.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 9- Предлог за донесување на закон за туристичка дејност.

Предлогот за доенсување на закон и извештаите на работните тела ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Благородна Мингова-Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

Почитувани колеги, почитуван претседател и министер,

Навистина е тешко после расправата за Предлогот за донесување закон за угостителска дејност да се направи раздвојување на она што е интерес и предмет на Предлгоот за донесување закон за туристичка дејност, бидејки сакале или не многу често овие две дејности се поклопуваат.

Но туристичката дејност со право особено во последните децении во некои земји прераснува во водечка стопанска дејност и сметам дека Македонија има и потенцијал и можности истата да прерасне во една од главните стопански дејности и двигатели на економскиот развој.

Претпоставувам дека и предлагачот на одвоен закон за туристичка дејност ја имал во предвид оваа констатација и затоа ни нуди посебен закон издвоен за угостителска и туристичка дејност.

Со должното извинување пред членовите на Комисијата за економски прашања јас ќе повторам некои свои сугестии изабелешки што ги дадов на седницата. Сметам дека на тој начин само ќе придонесам во подобрување на текстот кој предлагачот денес ни го достави за расправа.

Пред се и овој закон согласно Европската легислатива нуди можност за децентрализација односно ја поставува локалната самоуправа во функција на еден од двигателите за поспешување на туристичката дејност.

Определбата агенциите да се регистрираат по пат на барање само ја зголемува одговорноста на правниот субјект кој сака да се занимава со туристичка дејност доследно да ги испочитува условите кои ќе бидат предвидени со барањето доставено до Министерството. Но, притоа сметам дека за агенции кои треба да ја имаат највисоката лиценца, лиценца А предлагачот ќе треба да предвиди дека во нивниот состав ќе мора да има најмалку двајца вработени со високо образование со оглед на тоа што кај нас постои посебен факултет за туризам и познавање на најмалку еден светски јазик од страна на вработените.

Сметам дека една агенција која ќе ја поседува лиценцата А ќе мора постојано за секоја група, без разлика што предлагачот ни предлага таа група да биде најмалку од 30 луѓе и помалите групи имаат туристички водич и туристички придружник со оглед на тоа што тоа е пракса во сите други земји кои имаат многу поразвиена туристичка дејност од нашата.

Притоа многу важно е да нагласиме во развојот на туристичката дејност некои наши специфичности.

Во делот каде што говориме за селски туризам сметам дека ќе треба предлагачот да го прошири со елементи на етно-туризам односно рурално етно

туристичка дејност со одредени специфики и на нашата архитектура, на нашиот начин на живеење, на нашите традиции фоклорни со елемнти што некои од моите колеги претходно кога говореа за угостителството ги кажаа и сметам дека на тој начин можеме да привлечеме поголем број на туристи во нашата земја , отколку досега и она што го кажав на Комисијата, би сакал повторно да го кажам. Ние денеска имаме повеќе асоцијации односно здруженија на туристичките работници, здруженија на сојуз на македонските туристички здруженија. Сметам дека и на оваа дејност ќе треба да и дадеме можност, особено на правните субјекти да се оргаизираат коморски, нешто аналогно на она што го нуди законот за занаетчии, поточно формирање на комор ана правните субјекти од туристичката дејност, во која ќе можат меѓусебно да се организираат во правец на промоција на нашата туристичка понуда во странство, електронско поврзување за можностите , капацитетите со оглед на тоа што законот предлага користење на понудите од агенциите со лиценса А да можат да ги користат агенциите со лиценца Б и В, така што такво едно здружување и организирање ни е потребно. Досегашната форма согласно Законот за здруженија е неодржлива, бидејки можат да се организираат само граѓани, а не правни субјекти.

Сметам исто така на крајот дека овој текст треба да се пофали, нуди многу повеќе отколку досегашните законски решенија и од овие причини јас и пратеничката група на СДСМ, го подржуваме Предлогот за донесување закон за туристичка дејност.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Гашовска.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Благодарам.

Почитуван претседателе, господине министре, колеги пратеници,

Туризмот како значајна стопанска гранка во Република Македонија веќе долги години се соочува со редок парадокс. Веројатно не постои друга земја која на толку мал географски простор содржи огромен број уникатни природни и антропогени активности , а остварува слаби резултати од туризмот. Не е нескромно да се констатира дека Република Македонија ги има буквално сите предиспозиции

да се наметне како една од најпривлечните европски туристички дестинации. Нејзините најголеми адути за брз туристички развој и силен пробив на меѓународниот туристички пазар се одличната географска положба, релативно добро развиена сообраќајна инфра структура, поволни климатски услови, што е многу важно голем број сончеви денови, национални паркови и еколошки зачувани природни целини, прекраснiприродни и вештачки езера и сеуште незагадени реки, извори на минерални и тервални води, исклучителен фонд на флора и фауна со енденски реткости, богато историско минато со археолошки наоѓалишта и значајни културно-историски споменици, традиционално гостопримство и фолклор, производство на чиста и здрава храна и што уште не.

Квалитетот на македонскиот туризам е многу далеку од очекувањата. Незговите остварувања се под секаква критика. Статистичките податоци од последниве 10 години се повеќе од јасни и укажуваат на крајно негативните појави во туризмот во нашата земја. Перманентно намалување на бројот на домашните, а особено потенцирано на странските туристи, како и остварените ноќевања. Забележителна стагнација и негативен тренд на бројот и структурата на легла во туристичките сместувачки капацитети, драстично намалување на просечната должина на престојот на туристите и на туристичката потрошувачка, намалување на бројот на лица со постојано вработување во областа на туризмот и угостителството, скратување и на така кратката туристичка сезона, симболично учество на Република Македонија на меѓународните туристички берзи и маргинална улога во меѓународниот туристички промет.

Во овој контекст мора да се спомнат и неколку други негативни трендови, кои оставаат силни рефлексии врз туристичкиот развој на Република Македонија и се некакво оправдување за оваа стагнација. Отсуство на организација од страна на државните органи во туризмот, Националниот туристички сојуз, асоцијациите во рамките на Стопанската комора и други облици на организирање, непостоење стратегија за развој на туризмот на национално, регионално или на ниво на туристичка дестинација. Нецелосна правна регулатива во сферата на туризмот, недоследно почитување и игнорирање на постоечките закони и подзаконски акти, со кои се уредуваат и регулираат односите во областа на туризмот, недефиниран титулар кај голем број носители на туристичка понуда, застарен и нетранспарентен туристички производ, слаба имплементација на европските стандарди, особено во доменот на управувањето со квалитетот, образовните кадри, новите технолошки достигнувања од областа на туризмот, како и категоризација на сместувачките

објекти. Сивилото на моменталната состојба на туризмот во Република Македонија го надополнува и политичката ситуација во земјата, тероризмот и организираниот криминал, воените конфликти во непосредното соседство па и кај нас, политичката нестабилност во регионот, што секако и безмилосната конкуренција на меѓународниот туристички пазар.

Сите овие показатели укажуваат на фактот дека туристичкиот имиџ на Република Македонија е непрепознатлив. Земја која остварува толку слаби перфоманси во сферата на туризмот едноставно не може да се идентификува како атрактивна туристичка дестинација. Токму заради тоа, Република Македонија треба неодложно да пристапи кон темелна трансформација и преструктуирање на туристичката понуда и својата иднина македонскиот туризам, мора да ја бара во перманентно надоградување на постоечката понуда со нови селективни програми.

Денес, понудените предлози за донесување на закон за туристичка дејност се чекор напред во совладување и надминување на дел од недостатоците. Во таа насока е забелешката на член 5 од Законот за туристичка дејност, каде законодавецот би требало да определи кој од наброените вршители на туристичка дејност треба да има висока стручна подготовка. Во член 36 став 3 при набројувањето на елементите на туристичкиот аранжман стои - интериер и маршута, а треба да стои итинерер и маршута што сметам дека се од техничка природа. Членот 53 го објаснува поимот туристичко место. Предлог е тој израз да се замени до туристичка дестинација, кој е модерен израз за целокупноста на туристичката понуда на одредена географска целина и најважен инструмент за валоризирање и функционално распоредување на атрактивниот туристички простор. Тоа претставува прифатлив модус за правилно обликување на функционален распоред на атрактивниот туристички простор во локални размери. Туристичка дестинација е основна просторна категорија, потесна или поширока целина. Таа е синоним за пазарно препознатлив простор кој содржи интегрален туристички производ со многубројни добра и услуги и нуди целосно туристичко доживување, односно кмомплетно задоволување на туристичките потреби. Примената на концептот на туристичка дестинација во развојот на туризмот мора да даде одговор на голем број актуелни прашања, кои се резултат на модерните туристички движења и начинот на користење на слободното време во современото општество. Во тој контекст, поимот туристичка дестинација би бил езволутивен скок во споредба со концептот туристичко место. Република Македонија во целост, како и одделни туристички дестинации кријат исклучителни потенцијали за развој на голем број видови

селективен туризам. Членовите 69, 70, 72 и 73 бегло опфаќаат само неколку видови селективен туризам. Според значењето и можностите за развој, како и според степенот на атрактивност на туристичките ресурси, примарно внимание треба да се обрне на интензивен развој на транзитниот туризам, особено во пресрет на претстојните олимписки игри во Атина во 2004 година.

Според значењето, интензитетот на досегашниот развој многу значаен станува и останува конкгресниот туризам, потоа религиозниот, археолошкиот, па понатаму здравствениот, ловниот, риболовниот и туризмот во заштитени подрачја. Од огромна маса туристи се повеќе се издвојуваат групи со посебни специфични барања во склад со нивните стремежи, професионален интерес, едуцираност и култура. Повеќе од две децении е присутна тенденцијата за замена и редизајнирање на масовниот туризам со нови селективни облици. Во стручната литература селективниот туризам е познат како алтернативен туризам, нови видови туризам, современи видови туризам, спешл, интерес туризам и слично, се во функција на новите селективни трендови. Селекцијата претставува значаен квалитетен скок напред во развојот на масовниот туризам. Македонкиот туризам мора да ги надмине рецидивите на класичен туризам, за да го надмине и краткорочниот профит по било која цена, а тоа да го смени со долгорочно остварување на поголеми добивки. За развој на поголем број видови селективен туризам не требаат и големи финансиски вложувања за изградба на нови сместувачки капацитети, или посебни инфраструктурни системи. Базичните атрактивни ресурси особено кога станува збор за религиозниот и конкгресниот туризам, лоцирани во просторни целини во кои постои силна концентрација на респектабилни туристички и угостителски капацитети и соодветна туристичка надградба.

Туризмот станува се помасовен во кој денес учествува секој трет жител на земјината топка и има незапирлив растечки тренд. Туризмот во блиска иднина ќе стане убедливо силна светска индустрија, преминувајќи од фаза на масовност во фаза на развој, како универзална појава а тоа го диктира потребата за одмор и рекреација, односно мотивот сонце - вода, што ние немилосрдно го нудиме. Отсуството на Република Македонија од меѓународната туристичка сцена мора да се врати и стабилизира со потполно нов политички, општествен, економски идентитет и се разбира, со туристички имиџ. Меѓу останатите стратешки производи нашата земја мора прецизно да дефинира национален туристички производ, како еден од нејзините стратешки извозно ориентирани производи. Нашата земја без одлагање ќе

мора да се репозиционира како атрактивна и конкурента туристичка дестинација. Така ќе се извои од досегашната заглавеност во сивилото на балканскиот хаос.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој повеќе не бара збор. Го заклучувам претресот. На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието на Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за туристичка дејност.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието.

Заклучокот, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата да се достави до Владата и Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Десетта точка - Предлог за донесување на закон за заштита на потрошувачите.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор?

Господин Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Дозволете ми во кратки црти да го искажам својот личен став и ставот на Пратеничката група на Либерално демократската партија по однос на предлогот за донесување закон за заштита на потрошувачите. Потребата од надополнување и проширување на постоечкиот закон за заштита на потрошувачите донесе во 2000

година а изменет во 2002 година, е повеќе од неоходна и тоа воглавно од два аспекта.

Како прво, со овој предлог закон се елиминираат недостатоците во постоечкиот закон кој се однесуваат пред се на непостоењето на одредби кои ги третираат договорите кои се однесуваа на недвижностите и дејствијата поврзани со таквите договори кои се на штета на потрошувачите. Потоа, подецидно се утврдува институтот лажно огласување на продажба на производи и давање на услуги, а исто така се зголемува ефикасноста на заштита на потрошувачите преку зголемување на надлежностите на инспекциските органи.

Вториот аспект се однесува на неопходната потреба за приближување и прилагодување на нашето законодавство со европското, преку користење и имплементирање на директивите на Европската унија кои се однесуваат на оваа проблематика. Од друга страна, гледано и од суштински аспект во ова наше време на транзиција, кое мораме да признаеме трае предолго, многу традиционални вредности и веќе постигнати стандарди се нарушени и воопшто не се почитуваат. Тоа создава простор за злоупотреби од различен вид ланецот производител, дистрибутер, трговец - потрошувач, пред се на штета на обичниот граѓанин кој се јавува како потрошувач односно консумент. Затоа пазарот ни е преплавен со производи кои немаат декларација, со производи кои имаат изминат рок на траење, со производи пакувани во несоодветни амбалажи, со производи кои не одговараат на утврдените технички барања и стандарди, со производи кои воопшто не ги исполнуваат еколошките стандарди и тн. и тн. Поаѓајќи од ова, неопходно се наматнува потребата однесување на посебни казнени одредби кои ќе влијаат за зголемување на одговорноста на производителите, дистрибутерите и трговците и ќе придонесат за поголема заштита на потрошувачите.

Затоа, во предлогот на новиот закон за заштита на потрошувачите е сосема исправна намерата да се заострат казнените одредби и да се зголемат ингеренциите на инспекциските органи што ќе придонесе поефикасно да се остваруваат правата на потрошувачите, бидејќи на тој начин ќе се избегне водењето на скапи и долготрајни судски постапки, кои често пати не даваат никаков епилог.

Исто така, со предлогот на овој закон, подецидно се уредуваат и останатите сфери кои до сега беа составен дел на постојниот закон за заштита на потрошувачите. Со ова, во голема мера ќе се избегне паушалното и често двосмислено толкување на пооделните членови од законот, што остава простор за субјективизам и злоупотреби.

Посебна улога во заштита на потрошувачите треба да одиграат здруженијата на потрошувачите чии права децидно се наброени во член 106. Нивната зголемена активност може да биде многу значајна во напорите за подигнување на нивото за заштита на потрошувачите.

Почитувани пратеници,

На крајот дозволете ми да го искажам своето видување во однос на став 2 од член 101, кој се однесува на донесувањето на програма за заштита на потрошувачите и предложената алтернатива на овој став. Сметам дека, заради поголема транспарентност пред се, програмата за заштита на потрошувачите треба да ја донесува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија за период од две години. Како што е предвидено во став 3 и 4, сосема е упатно и рационално, Министерството за економија да ја надгледува реализацијата на програмата и еднаш годишно да ја изнесува Владата на Република Македонија за нејзиното остварување. Но, сметам дека треба да постои обврска и за Владата на Република Македонија еднаш годишно да го известува Собранието на Република Македонија за реализацијата на оваа програма.

Имајќи го во предвид сето ова погоре кажано, лично и Пратеничката група на Либерално демократската партија во потполност ќе го поддржат предлогот за донесување на закон за заштита на потрошувачите.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за заштита на потрошувачите.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието на Република Македонија ќе му достави предлог на закон, при шти ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите од извештаите на работните тела од расправата на седницата.

Овој заклучок, заедно со извештаите и стенографските белешки од расправата на седницата ќе се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за економија.

Предложениот закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Предлагам да одиме на 12-та точка која е дел од овој пакет од економијата од четири - пет закони.

12-та точка - Предлог за донесување на закон за Агенција за странски инвестиции на Република Македонија.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за Агенција за странски инвестиции на Република Македонија.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието на Република Македонија ќе му достави предлог на закон, при шти ќе ги има предвид забелешките и предлозите содржани во извештаите на работните тела од расправата на седницата, која ја немаше.

Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела ќе се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 59 за, 3 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Ќе завршиме со 11-та точка за денес - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик и тој е во прва фаза.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господин Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитувани колеги пратеници,

Предлогот за изменување и дополнување на Кривичниот закон на Република Македонија е последица и израз на потребата од значајно заострување и зајакнување на казнената политика, воведување на нови форми на инкриминираност, односно промени во дефинирањето и одредувањето на законските битија кај одредени кривични дела. Нивно прилагодување кон новите форми на криминалитет, а со цел ефикасно сузбивање на облиците на криминал и внесување на меѓународни стандарди од кривично - правната област во нашето законодавство.

Исто така, овие измени и дополни се израз на потребата и имаат за цел да се востановат и ефикасни мерки на кривично - казнена репресија и тоа да придонесе за целосно остварување на начелото на генерална, но и на специјална превенција. Понудените предлог измени во законот за дополнување и изменување на Казнениот закон сметам дека се исклучително квалитетни, сериозно и темелно изработени. Исто така, овој понуден предлог текст е и обемен и опфатени се во него 199 одредби во кои се содржани значајни промени. Генерално, како најзначајни, сметам дека треба да се истакнат и нагласат неколку решенија кои ни се нудат со предлог измените.

Како покарактеристично е воведувањето на кривичната одговорност за правните лица која до сега беше само прекршочна, што е реакција на појавата на нови облици на криминалитет, пред се во економската сфера, корупцијата, перењето на пари, криумчарењето, лажните стечаи и берзанските измами, трансакции, злоупотреби во деловното работење.

Според пропишаните услови правното лице е кривично одговорно за кривично дело доколку до извршување на тоа дело дошло со дејствие или со негово пропуштање од одговорното лице на правното лице или од органот на управување или ако од нивна страна се пречекорени овластувањата поради стекнување на против правна корист за правното лице.

Значајна новина во предложениот закон е и воведувањето на т.н. алтернативно казнување кое се однесува на сторителите на помали кривижни дела за кои казната е до една година или парична казна.

Според новата одредба видови на алтернативни мерки се: условната осуда, судската опомена, условна осуда со заштитен надзор, условно одлагање на кривичната постапка, општо корисна работа, куќен притвор и сите тие можат да се применуваат во случај кога судот ќе оцени дека целта на казнувањето може да се

оствари со предупредување, со закана од казна, со мерки за помош и надзор и контрола врз сторителот.

Посебно треба да се напомене и дека се проширува системот на казни така што статусна казна сега добиваат и оние санкции кои по својата природа до сега биле т.н. заштитни мерки или мерки за безбедност или правни последици од осудата.

Се востановуваат и нови кривижни дела како што се дела во врска со семејното насилство, дела против животната средина, прикривање на потекло на несразмерно стекнат имот, незаконско влијание врз сведоци и поднесување на лажни докази, повреда на чување на државната граница, неизвршување на наредба, злоупотреба на службена должност, несовесно работење во вршењето на јавните функции, незаконска употреба на стока увезена со царински погодности, потешко казнување за злосторнички здруженија и тоа посебно во случај кога е употребено оружје и други средства за насилство.

Тоа се некои од новите кривични дела.

Направени се и подобрувања во поглед на дефинирањето и определувањето на вината односно пресметливоста кај сторителите на кривични дела.

Со измените во овој предлог се воведува и системот на т.н. извршување на санкции со воведувањето на т.н. ден - глоба, што се состои во замена на паричната казна од страна на судот за нејзино исполнување со работно ангажирање од страна на осудените лица.

Со ова се постигнува едновремено и ефикасност во извршувањето на казните, но и добивање на корисни ефекти преку работата, а се води сметка и за социјалната компонента на тој начин што тие што не се во состојба да ја платат кривичната казна да бидат работно ангажирани како компензација за истата.

Многу значајна новина по мене во предложениот текст е воведувањето на конфискација на имот и имотна корист што досега, иако постоеше во казнениот закон беше изразено во поинаков облик како пленување на имотна корист.

Со ваквото решение за конфискација на имотот и користа стекната со кривижно дело се создава механизам за ефикасна борба и сузбивање на незаконитото збогатување како и можност за таквата корист државата да искористи општо полезни цели и истата да биде наменета за се она што е најкорисно и најпотребно.

Оваа новина пред се ќе биде најважно доследно и ригорозно да се применува од страна на судовите кои се надлежни да изрекуваат вакви мерки. Целта е нелегално стекната легално да се одземе и корисно да се употреби.

Со ваквите решенија во Предлог измените, ние како законодавна власт создаваме правни услови и законска рамка ваквите мерки да се применуваат од страна на надлежните судови. Имено, сите сме сведоци, од народот тоа постојано го слушаме дека многумина во изминатиот период набрзина и под сомнителни околности се стекнаа со огромни богатства.

Исто така на сето тоа истовремено мора еднаш да му дојде крајот. Со други зборови да се применува доследно и ригорозно законот преку функционирање на сите институции на правната држава, а посебно на независното судство кое е должно и кое треба похрабро да ги применува ваквите законски мерки и да изрекува одлучно соодветни санкции врз основа на факти и врз основа на докази. За таа цел ние како дел од институциите на правната држава, како Парламент со ваквите измени, а подоцна и со измените што ќе следат во законите за кривична и процесна постапка создаваме правен основ и создаваме фронт за поефикасна работа и на останатите чинители на власта конкретно на судската власт. Но, не само законските предуслови, сите ние заедно сме должни да обезбедиме и секакви друиг услови и амбиент навистина судската власт која треба да ги имплементира ваквите закони и мерки да биде во права смисла на зборот самостојна, поддржа и охрабрена да ја извршува својата работа поефикасно и согласно Уставот, а со тоа воедно на овој начин да се обезбеди почит и доверба кон институциите.

Од сите наведени причини ќе ги поддржиме измените во првата фаза на Кривичниот закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека има поголем број пријавени дискутанти за овој закон, предлагам тука да завршиме, а утре во 10,00 часот ќе продолжиме со работа.

Седница прекина со работа во 16,55 часот.